3770 СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ
91001 - СКОПЈЕ,п.фах 51

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Понеделник, 28 март 1988
Скопје
Број 10 Год. XLIV

Аконтацијата за 1988 година изнесува 12.000 динари. Овој број чини 800 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**160.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издаде

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАСОЧУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРИХОДИТЕ ОД ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТОПАНСТВОТО

Се прогласува Законот за насочување на дел од приходите од данокот на промет за потребите на стопанството,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 23 март 1988 година.

Број 08-951/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА НАСОЧУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРИХОДИТЕ ОД ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТОПАНСТВОТО

Член 1

Дел од остварените приходи од основниот данок на промет на нафтените деривати што и припаѓа на Републиката, како и од посебниот данок на промет на дизел-горивото се насочуваат и тоа:

а) Од основниот данок на промет:

1) 42,7% за намирување на обврските на Републиката по Програмата за штедење, супституција и рационално користење на сите видови енергија до 2000 година и за интервенции во стопанството по сојузни прописи (курсни разлики по странски кредити и регрес на дел од трошоците по основ на кредитите по селективната програма) — на посебна републичка сметка што ќе ја извршува републичкиот орган на управата надлежен за работите на финансиите;

2) 41,0% за реализација на програмите за изградба, одржување и реконструкција на патиштата — на сметка на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта;

3) 6,5% за истражување на нафта и гас и за гасификација — на посебна републичка сметка, а ќе се користат според одлука на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија;

4) 4,4%, за републички стоковни резерви — на сметка на Дирекцијата за републички стоковни резерви;

5) 3,7%, за развој на рудниците за јаглен — на посебна републичка сметка, а ќе се користат според одлука на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија;

6) 1,7%, за развој на железничкиот сообраќај — на сметката на Железничката транспортна организација — Скопје.

б) Од посебниот данок на промет на дизел-горивото:

1) 61,6%, за намената и на сметката од точка 2) под а);

2) 17,1%, за намената и на сметката од точка 3) под а);

3) 10,3%, за намената и на сметката од точка 4) под а);

4) 9,4%, за намената и на сметката од точка 5) под а);

5) 1,6%, за намената и на сметката од точка 6) под а).

Член 2

За спроведување на овој закон се грижи Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија.

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 1988 година.

---

**161.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 23 март 1988 година.

Број 08-950/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги („Службен весник на СРМ" број 39/82, 23/83, 13/84, 23/84, 31/84, 22/85, 44/85, 4/87, 36/87 и 50/87), во член 9 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Висината на данокот на промет на производи се утврдува во годишен паушален износ од 50% од данокот од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност што се плаќа во годишен паушален износ“.

Член 2

Во член 19, став 2 по зборот „основниот“ запирката се заменува со сврзникот „и“, а зборовите: „републички и посебниот општински“ се бришат, а зборовите: „од 36% годишно до денот на уплатата на даноците“ се заменуваат со зборовите: „во висина на есконтната стапка што ја утврдува Народната банка на Југославија зголемена за 40%, со тоа што најнискиот износ на каматата не може да биде помал од 1 промил дневно за секој ден задоцнување.“.

Член 3

Во Тарифата на посебниот данок на промет, во Тарифниот број 1 во став 2 точка 4), по зборот „вар“ се става запирка, сврзникот „и“ се брише, а по зборовите: „ферт гредички — тавански елементи“ се додаваат зборовите: „усјемал и производи со ист состав и салонит“.

Во Тарифниот број 2 зборот „републички“ се брише.

По Тарифниот број 4-б се додава нов Тарифен број 4-в, кој гласи:

„Тарифен број 4-в

Посебен данок на промет на производи се плаќа на дизел гориво (д-1, д-2) што го набавуваат во согласност со одредбите на точките 4 и 5 од забелешката на Тарифен број 2 од Тарифата на основниот данок на промет, организациите на здруженият труд од градскиот сообраќај исклучително за погон на моторните возила во градскиот и приградскиот сообраќај и тоа:

— Д-1 14,3488%
— Д-2 14,4792%

а за организациите на здруженият труд од железничкиот и езерскиот сообраќај за погон на моторни шински возила и пловни објекти:

— Д-1 3,5381%
— Д-2 3,5198%
— Д-3 3,5008%“

Член 4

Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ќе ги усогласува даночните стапки од Тарифниот број 4-в од Тарифата на посебниот данок на промет.

Член 5

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 април 1988 година.

---

**162.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ОПШТИНИТЕ И РЕПУБЛИКАТА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 23 март 1988 година.

Број 08-942/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ОПШТИНИТЕ И РЕПУБЛИКАТА

Член 1

Во Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ“ број 44/77, 37/83, 42/85 и 50/87), по член 25 се додава нов член 25-а, кој гласи:

„Член 25-а

Дел од приходите од основниот и од посебниот данок на промет, кој врз основа на член 25 точки 4 и 5 од овој закон и припаѓа на Републиката пред внесувањето во Републичкиот буџет, врз основа на одделен закон, се користи за намените определени со тој закон“.

Член 2

Во досегашниот член 25-а кој станува член 25-б, во став 1 по зборот „производи“ точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен од посебниот данок на промет на дизел-горивото (Д-1, Д-2 и Д-3)“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 април 1988 година.

---

**163.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА НА НОВИ ТЕРМОЦЕНТРАЛИ, ТОПЛАНИ, ЕНЕРГАНИ И КОТЛАРНИЦИ НА ТЕЧНИ ГОРИВА ДО 1990 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за забрана на располагањето со дел од општествените средства за финансирање на изградбата на нови термоцентрали, топлани, енергани и котларници на течни горива до 1990 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 23 март 1988 година.

Број 08-949/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА НА НОВИ ТЕРМОЦЕНТРАЛИ, ТОПЛАНИ, ЕНЕРГАНИ И КОТЛАРНИЦИ НА ТЕЧНИ ГОРИВА ДО 1990 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за забрана на располагањето со дел од општествените средства за финансирање на изградбата на нови термоцентрали, топлани, енергани и котларници на течни горива до 1990 година („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ број 35/86) член 4 се менува и гласи:

„По исклучок од членовите 1 и 3 на овој закон замена на постојниот котел и набавка на нов котел на течно гориво може да се врши на:

— објекти до 5 мВ вкупно инсталирана топлинска моќност или до 500 тони годишна потрошувачка на течно гориво за кои Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство ќе утврди дека не постојат технички, технолошки, еколошки и економски услови за премин на јаглен, и

— објекти над 5 мВ вкупно инсталирана топлинска моќност или над 500 тони годишна потрошувачка на течно гориво, за кои Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ќе утврди дека не постојат технички, технолошки, еколошки и економски услови за премин на јаглен.

Критериуми врз основа на кои ќе се утврди дека не постојат технички, технолошки, еколошки и економски услови за премин на јаглен од став 1 на овој член, пропишува Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

За оценување на условите од став 1 на овој член организациите на здружениот труд и другите корисници на општествените средства се должни со барањето да поднесат и соодветна документација.

Содржината на документацијата од став 3 на овој член ја пропишува Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство“.

Член 2

Во член 9 став 1 зборовите „100.000 до 1.000.000“ се заменуваат со зборовите „500.000 до 5.000.000“.

Во став 2 зборовите „50.000 до 100.000“ се заменуваат со зборовите „150.000 до 500.000“.

Член 3

Во член 10 став 1 зборовите „100.000 до 500.000“ се заменуваат со зборовите „500.000 до 2.500.000.“

Во став 2 зборовите „5.000 до 50.000“ се заменуваат со зборовите „25.000 до 250.000.“

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија.“

---

**164**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТЕРИЈАЛНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за материјалното обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 23 март 1988 година.

Број 08-948/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТЕРИЈАЛНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА

Член 1

Во Законот за материјалното обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна („Службен весник на СРМ“, бр. 41/85 и 45/86) во член 8 став 1 точка 2, зборовите: „основицата за определување на“ се бришат, а зборовите: „предвидена во“ се заменуваат со зборовите „определено во“.

Член 2

Член 16 се менува и гласи:

„Постојаното материјално обезбедување на учесниците во НОВ до 9 септември 1943 година и учесниците во НОДЕМ до 31 март 1948 година се определува во висина од 70 отсто од загарантираниот личен доход во Републиката.

Постојаното материјално обезбедување на учесниците во НОВ по 9 септември 1943 година, учесниците во НОДЕМ од 1 април 1948 до 30 декември 1948 година и членовите на семејствата на умрени учесници во НОВ или НОДЕМ се определува во висина од 70 отсто од износот на материјалното обезбедување на учесниците во НОВ и НОДЕМ од став 1 на овој член.

Износот на постојаното материјално обезбедување од ставовите 1 и 2 на овој член за корисниците кои имаат приходи се намалува за 30 отсто“.

Член 3

Во член 17 ставот 1 се менува и гласи:

„Износот на постојаното материјално обезбедување утврден во член 16 ставови 1 и 2 на овој закон за самохраните корисници се зголемува за 50 отсто.“

Член 4

Во член 19 став 2 по зборовите: „не изнесуваат повеќе од“ се додаваат зборовите: „70 отсто од“.

Во став 3 броевите „2, 3 и 4“ се заменуваат со зборовите „1 и 2“.

Член 5

Во член 20, став 2 зборовите: „основицата за определување на постојано материјално обезбедување (член 16, став 1 од овој закон)“ се заменуваат со зборовите: „износот на постојано материјално обезбедување утврден според член 16 став 1 на овој закон“.

Член 6

Во член 22 став 2, по зборовите: „член 16 став“ се додаваат: бројот „1“ и сврзникот „и“.

Член 7

По член 22 насловот на Глава III — „Усогласување на паричните примања од материјалното обезбедување“ и член 23 се бришат.

Член 8

Во член 33 по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„По исклучок од одредбите на став 2 од овој член, во случај на значително повисок пораст на трошоците за живеење од порастот на загарантираниот личен доход, Комисијата од став 1 на овој член

може да донесе одлука за доделување еднократна парична помош на корисниците на материјалното обезбедување кои немаат приходи во домаќинството".

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 1988 година.

**165.**

Врз основа на член 53 од Законот за општествениот правобранител на самоуправувањето („Службен весник на СРМ" број 32/84), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 23 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ОПШТЕСТВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА САМОУПРАВУВАЊЕТО ЗА 1988 ГОДИНА

Се усвојува Програмата за работа на Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето за 1988 година, што ја донесе Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето по прибавено мислење на Работната заедница.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-996/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова, с. р.**

Претседател
на Соборот на здружениот труд
**Иван Аврамовски, с. р.**

Претседател
на Општествено-политичкиот собор
**Петар Карајанов, с. р.**

**166.**

Врз основа на член 20 став 2 и член 71 од Законот за Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ" број 36/77), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 23 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ЗА 1987 ГОДИНА

1. Се потврдува Завршната сметка на Народната банка на Македонија за 1987 година, што ја донесе Советот на Народната банка на Македонија, на седницата одржана на 29 февруари 1988 година.

2. Вишокот на приходите над расходите на Народната банка на Македонија за 1987 година во износ од 27.545.702.291 динари ќе се употреби за:

| | |
|---|---|
| 1) економско-финансиска консолидација и трајни обртни средства, во износ од | 19.680.000.000 |
| 2) обврски од Општествениот план на СР Македонија за периодот од 1986 до 1990 година, во износ од | 5.285.702.291 |
| 3) интервенции во општествени дејности во износ од | 930.000.000 |
| 4) обврски според републички прописи, во износ од | 1.650.000.000 |

3. Пренесувањето и распоредот на средствата од точка 2 потточка 1 од оваа одлука на одделни организации на здружениот труд од областа на стопанството ќе го врши Извршниот совет на Собранието на СР Македонија со одлука.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-943/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски, с. р.**

**167.**

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ" број 36/77), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 23 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ЗА 1988 ГОДИНА

Се потврдува финансискиот план на Народната банка на Македонија за 1988 година, што го донесе Советот на Народната банка на Македонија на седницата одржана на 29 февруари 1988 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-945/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски с. р.**

**168.**

Врз основа на член 35 од Законот за старосно осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ" број 15/78), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 23 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФИКСНИОТ ИЗНОС И СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА СТАРОСНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1988 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за утврдување на фиксниот износ и стапката на придонесот за старосно осигурување на земјоделците за 1988 година, што ја донесе Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците на седницата одржана на 2 март 1988 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-946/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски с. р.**

**169.**

Врз основа на член 31 став 2 од Законот за старосно осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ“ број 15/78), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 23 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СТАРОСНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1988 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за утврдување на финансискиот план на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците за 1988 година, што ја донесе Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците, на седницата одржана на 2 март 1988 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-944/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски с. р.**

**170.**

Врз основа на член 136 од Уставот на СРМ и членовите 394 и 400 од Деловникот на Собранието на СРМ, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 23 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА САМОУПРАВНАТА СПОГОДБА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И ИСХРАНА НА СТУДЕНТИТЕ ВО ОБЈЕКТИТЕ НА СТУДЕНТСКИОТ ЦЕНТАР „СКОПЈЕ“ — СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ — ЈУНИ 1988 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија ја усвојува Самоуправната спогодба за формирање на цените на услугите за сместување и исхрана на студентите во објектите на Студентскиот центар „Скопје“ — Скопје за периодот јануари — јуни 1988 година.

Се овластува д-р Саво Климовски, член на Извршниот совет на Собранието на СРМ и претседател на Републичкиот комитет за образование и физичка култура, од името на Собранието на Социјалистичка Република Македонија да ја потпише Самоуправната спогодба.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-982/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски с. р.**

**171.**

Врз основа на Амандман XIV точка 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 23 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ЧЛЕН НА РЕПУБЛИЧКИОТ ОДБОР ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 300-ГОДИШНИНАТА ОД КАРПОШОВОТО ВОСТАНИЕ

За член на Републичкиот одбор за одбележување на 300-годишнината од Карпошовото востание, се делегира

м-р Павле Георгиевски, потпретседател на Собранието на СР Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр.21-967/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски с. р.**

**172.**

Врз основа на член 61 став 2 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 23 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА РО ЗАВОД ЗА ВОДОСТОПАНСТВО НА СРМ

За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на РО Завод за водостопанство на СРМ, се именуваат:

Панче Карталов, дипл. инж. агроном вработен во Задружниот сојуз на Македонија и

Слободан Угриновски, градежен инженер во РО „Мелиопроект“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-975
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**173.**

Врз основа на член 257 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 23 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ООЗТ КЛИНИКА ЗА ОЧНИ БОЛЕСТИ ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за утврдување предлог за именување директор на ООЗТ Клиника за очни болести при Медицинскиот факултет — Скопје, се именуваат:

Цвета Филиповска, потсекретар во Републичкиот комитет за здравство и социјална политика и

Мира Николоска, секретар на Соборот на општините на Собранието на СР Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-974/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски, с. р.**

**174.**

Врз основа на член 72 од Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 42/77 и 3/87), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 23 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА СТОПАНСКАТА БАНКА — ОСНОВНА БАНКА — КУМАНОВО

За членови на Конкурсната комисија за именување работоводен орган на Стопанската банка — Основна банка — Куманово, се именуваат:

Јанчо Јанчевски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ и

инж. Томислав Папеш, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-971/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски, с. р.**

**175.**

Врз основа на член 59 став 3 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 23 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА РО ЗАВОД ЗА ВОДОСТОПАНСТВО НА СРМ

За претставници на општествената заедница во Советот на РО Завод за водостопанство на СРМ се именуваат:

Ванчо Глигоров, на работа во Задружниот сојуз на Македонија,

инж. Владимир Митковски, секретар на Здружението на ОЗТ од областа на земјоделството и водостопанството при Стопанската комора на град Скопје и

Јован Петров, член на Одборот за земјоделство и шумарство на СЗТ на Собранието на СРМ, претставник од Друштвото на љубителите на шумите на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-970/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски, с. р.**

**176.**

Врз основа на член 257 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 23 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ПЕДАГОШКАТА АКАДЕМИЈА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ — ШТИП

За членови на Конкурсната комисија за изготвување предлог за именување директор на Педагошката академија „Гоце Делчев“ — Штип се именуваат:

Славица Урошевиќ, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, раководител на правно-кадровската служба при МК „Астибо“ РЗ „Модна конфекција“ — Штип и

Ѓорѓи Манчевски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, потпретседател на Собранието на општина Титов Велес.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-972/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски, с. р.**

**177.**

Врз основа на член 77 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на СРМ“ број 9/86), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 23 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ — СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за именување директор на Заводот за рехабилитација на деца и младинци — Скопје, се именуваат:

Кирил Алексоски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ и

Киро Мијовски, началник на Одделението за здравство и социјални работи при Општинскиот комитет за општествени дејности на Собранието на општина Чаир — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-973/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски, с. р.**

**178.**

Врз основа на Амандман XIV точка 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 23 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 50-ГОДИШНИНАТА ОД ИЗЛЕГУВАЊЕТО НА КНИГАТА „БЕЛИ МУГРИ“ ОД КОЧО РАЦИН

За член на Одборот за одбележување на 50-годишнината од излегувањето на книгата „Бели Мугри“ од Кочо Рацин, се делегира

Петар Карајанов, претседател на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СР Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-969/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски, с. р.**

**179.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за сценско-уметничка дејност („Службен весник на СРМ" број 4/86), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 23 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА СОБИРОТ НА РАБОТНИЦИТЕ НА РО „МАКЕДОНИЈА КОНЦЕРТ" — СКОПЈЕ, ЗА ИМЕНУВАЊЕ РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Се дава согласност на Одлуката на Собирот на работниците на РО „Македонија концерт" — Скопје со која за директор на организацијата е именуван Јане Коџабашија, досегашен директор на РО „Македонија концерт" — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-977/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски, с. р.**

**180.**

Врз основа на член 257 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 23 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДЕКАН НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за утврдување предлог за именување декан на Шумарскиот факултет — Скопје, се именуваат:

Виолета Димева, секретар на Одборот за земјоделство и шумарство на СЗТ на Собранието на СРМ и

Хаме Садо, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-976/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски, с. р.**

**181.**

Врз основа на член 5 од Законот за обезбедување средства за купување на станови за службени потреби за републичките органи и организации и општествено-политичките организации на Републиката („Службен весник на СРМ" број 19/85), Собранието на СР Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 23 март 1988 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ ЗА КУПУВАЊЕ НА СТАНОВИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПОТРЕБИ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ И ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА РЕПУБЛИКАТА ЗА 1988 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се утврдуваат потребите за купување на станови за службени потреби за републичките органи и организации и општествено-политичките организации на Републиката.

Член 2

Во 1988 година ќе се купат 15 стана за службени потреби со вкупна површина од 606,40 $м^2$.

Член 3

Средствата за купување на становите од член 2 на оваа програма се обезбедени во Републичкиот буџет за 1988 година во вкупен износ од 193.963.718 динари.

Член 4

За спроведување на оваа програма се грижи Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Член 5

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 21-947/1
23 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски, с. р.**

**182.**

Врз основа на член 67 став 2 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80) и член 82 од Законот за заштита од пожари („Службен весник на СРМ", бр. 43/86 и 37/87), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ОБРАЗУВАЊЕ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ

1. При Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се образува Совет за заштита од пожари (во натамошниот текст: Советот), како заедничко работно тело на републичките органи на управата и другите органи и организации.

2. Советот обезбедува усогласување на ставовите, мерките и активностите на републичките органи на управата и другите органи и организации по прашања од областа на заштитата од пожари, во спроведување на политиката и следење на одделни појави како и давање соодветни мислења и предлози во оваа област што се однесуваат на: состојбата во областа на заштитата од пожари; нормативната уреденост на заштитата од пожари и начинот на вршење надзор над примената на прописите од оваа област; начинот и степенот на материјално-техничката опременост и школувањето на кадрите; оспособеноста на сите субјекти во областа на заштитата од пожари; иницирањето, поттикнувањето, насочувањето и координирањето на работата на општествените фактори и научните институции врз заштитата од пожари; јакнењето на соработката со средствата за јавно информирање, со воспитно-образовните и научните институции и организации во подигањето на нивото на знаењата во областа на заштитата од пожари како и разгледување на други прашања и предлагање на мерки и активности во областа на заштитата од пожари.

3. Советот има претседател и 12 членови.

4. Претседателот и членовите на Советот ги именува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија од следните органи и организации: Републичкиот секретаријат за внатрешни работи; Републичкиот секретаријат за народна одбрана; Републичкиот комитет за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина; Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство: Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство; Републичкиот комитет за труд; Републичкиот штаб за територијална одбрана; Републичкиот штаб за цивилна заштита; Командата на Скопската армиска област; Републичкиот центар за известување и тревожење; Противпожарниот сојуз на Македонија; ЗОИЛ „Македонија" — Скопје и ЗОИЛ „Дунав" — Скопје.

Претседателот и членовите на Советот се именуваат на четири години.

5. По потреба, во работата на Советот можат да учествуваат претставници и од други заинтересирани

органи и организации што работат на спроведување на обврските во областа на заштитата од пожари.

6. Советот донесува деловник за својата работа.

7. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 262
24 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**183.**

Врз основа на член 16 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1988 година („Сл. весник на СРМ" број 49/87), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1988 ГОДИНА

1. Од средствата предвидени во Републичкиот буџет за 1988 година во раздел 63 позиција 600 за учество на Републиката за обезбедување на вода за пиење на населението се распоредува износ од 1.200.000.000 динари и тоа на:

| | |
|---|---|
| — општина Виница | 150.000.000 динари |
| — општина Делчево | 200.000.000 " |
| — општина Крива Паланка | 300.000.000 " |
| — општина Куманово | 250.000.000 " |
| — општина Охрид | 100.000.000 " |
| — општина Тетово | 200.000.000 " |

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се користат за учество на Републиката во висина до 50% од средствата што ги обезбедува општината за таа намена.

Средствата од став 1 на оваа точка ќе се користат без обврска за враќање, а сразмерно на учеството на општината.

3. За спроведувањето на оваа одлука ќе се грижи Републичкиот секретаријат за финансии, а за начинот, динамиката и наменското користење на средствата Републичкиот секретаријат за финансии ќе склучи договори со општините.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-555/1
17 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р ***Глигорие Гоговски,*** с. р.

**184.**

Врз основа на член 23 од Законот за данокот од доход на организациите на здружен труд („Службен весник на СРМ", бр. 42/80, 38/81, 38/83, 22/85, 42/85, 46/86 и 7/88), републичкиот секретар за финансии донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ, УПЛАТУВАЊЕ И ОТСТАПУВАЊЕ НА ДАНОКОТ ОД ДОХОД НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Член 1

Во Правилникот за начинот на пресметување, уплатување и отстапување на данокот од доход на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ", бр. 10/86), во член 3, став 1 бројот: „132" се заменува со бројот: „137", зборовите: „Деловен резултат во текот на годината —" се бришат а зборот: „ДЕРБУ", се заменува со зборот: „БУ".

Во истиот член, во точка 1, бројот: „103" се заменува со бројот: „99", а зборот: „ДЕРБУ" се заменува со зборот: „БУ".

По точката 2 се додава нова точка 2-а која гласи:

„2-а. Како дел од доходот, во смисла на член 8, алинеја 4 и 5 од Законот, се сметаат издвојувањата од доходот искажани на реден број 114 од образецот „БУ" и од реден број 109 делот од доходот што со закон е определен да се издвојува за остварување на солидарност во изградбата и користењето на станови".

Во точката 6, зборовите: „истражувачко-развојните работи" се заменуваат со зборовите: „научноистражувачките работи, пронаоѓаштвото и рационализаторството", а зборовите: „и во самостојните истражувачки организации" се бришат.

По првата реченица се додава нова реченица која гласи:

„Во овој износ на средства се вклучува и издвојувањето од доходот за посебни надоместги на работниците по основ на иновација, рационализација или други видови творештво (износот искажан на реден број 100 од образецот „БУ")".

Точките 10, 11 и 12 се менуваат и гласат:

„10. Како дел од доходот што е остварен врз основа на развојна премија или по друг законски пропишан основ за определени намени, во смисла на член 8, алинеја 14 од Законот, се смета делот од доходот искажан на реден број 97 од образецот „БУ".

11. Како дел од доходот за обврските од доходот што не зависат од големината на остварениот доход, освен паричните казни за стопански престапи и прекршоци, во смисла на член 8, алинеја 15 од Законот, се подразбира пресметаните обврски од доходот искажани на редните броеви 101, 103, 104 и 105 од образецот „БУ".

12. Како бруто личен доход на работниците по основ на тековната работа, а најмногу до висината на просечниот личен доход во стопанството на Републиката во претходната година, во смисла на член 8, алинеја 16 од Законот, се подразбира износот искажан на редните броеви 7, 8, 10 и 12 од образецот — „Посебни податоци".

Износот на бруто личниот доход на работниците по основа на тековната работа за односната организација што се зема во пресметката не може да биде поголем од износот што се добива кога просечниот личен доход по вработен во стопанството на Републиката во претходната година се помножи со просечниот број на вработени работници утврден во пресметковниот период врз основа на часови на работа, искажан под реден број 51 од образецот — „Посебни податоци", и тој износ се помножи со бројот на месеците за кој се врши пресметката на данокот од доход".

По точка 13 се додава нова точка 13-а која гласи:

„13-а. Како дел од доходот, во смисла на член 8, алинеја 19 од Законот, се сметаат сопствените средства што обврзникот на данокот од доход ги вложил во малото стопанство".

Во точка 14. зборовите: „Делот од доходот што е остварен со зголемување на бројот на вработените преку воведување на нови смени (втора, трета и четврта) за една година од воведувањето на новата смена", се заменуваат со зборовите: „Делот од доходот остварен по работник во новововедените смени со кои се зголемува искористувањето на капацитетите, во траење од три години од воведувањето на новата смена", а бројот: „19" се заменува со бројот „17".

По точка 15 се додаваат четири нови точки 16, 17, 18 и 19 кои гласат:

„16. Како дел од доходот, во смисла на член 8, алинеја 22 и 23 од Законот, се сметаат сопствените средства што обврзникот на данокот од доход ги вложил за премии, регреси, компензации, извозни стимулации и по основ на враќање на царини и

други увозни давачки, како и средствата здружени за реализација на заедничките програми за развој.

17. Како дел од доходот, во смисла на член 8, алинеја 24 од Законот, се сметаат сопствените средства што обврзникот на данокот од доход ќе ги здружи над износот на средствата здружени во согласност со Законот за средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година. Доколку тие средства се здружуваат за стопански недоволно развиените републики, од доходот се одбиваат во двоен износ, а за САП Косово во троен износ.

18. Како дел од доходот во смисла на член 8, алинеја 25 од Законот, се сметаат средствата вложени за финансирање на научно-истражувачката работа преку научно-истражувачките организации регистрирани за вршење на таа дејност. Намалувањето на остварениот доход за овој износ не може да биде поголем од 50% од пресметаниот данок од доход на таа основна организација на здружен труд, за пресметковниот период за кој се утврдува обврската за плаќање на данок од доход.

19. Како дел од доходот, во смисла на член 8, алинеја 26 од Законот, се смета делот од доходот во висина на средствата што обврзникот на данокот од доход ги вложил од сопствени средства во дисперзија на помали објекти во стопански недоволно развиените краишта и во ридско-планинските и пограничните подрачја во СР Македонија".

Член 2

Во член 13 зборовите: „— Деловен резултат во текот на годината се бришат а бројот: „121" се заменува со бројот: „125".

Член 3

Во член 15 зборовите: „59, 65 и 69" се заменуваат со зборовите: „61, 67 и 71", а зборот: „ДЕРБУ" се заменува со зборот: „БУ".

Член 4

Во образецот „ДД" — Пресметка на данокот од доход на организациите на здружен труд за периодот од 1 јануари до ——— 19—— година во колоната „Елементи" под I. Утврдување на основицата за пресметување на данокот од доход, се вршат следниве изменувања и дополнувања:

а) на реден број 2.6. зборовите: „истражувачко-развојните работи" се заменуваат со зборовите: „научно-истражувачките работи, пронаоѓаштвото и рационализаторството", а зборовите: „и во самостојните истражувачки организации" се бришат.

б) редните броеви 2.12, 2.13, 2.14, 2.15, и 2.17 се менуваат и гласат:

„2.12. Дел од доходот што е остварен врз основа на развојна премија или по друг законски пропишан основ за определени намени.

2.13. Дел од доходот за обврските од доходот што не зависат од големината на остварениот доход, освен паричните казни за стопански престапи и прекршоци.

2.14. Износ на бруто личните доходи на работниците по основ на тековната работа, а најмногу до висината на просечниот личен доход во стопанството на Републиката во претходната година.

2.15. Дел од доходот во висина на средствата вложени во малото стопанство.

2.17. Дел од доходот остварен по работник во новововедените смени со кои се зголемува искористувањето на капацитетите, во траење од три години од воведувањето на новата смена".

в) редните броеви од 2.20 до 2.23. гласат:

„2.20. Дел од доходот во висина на средствата вложени за премии, регреси, компензации, извозни стимулации по основ на враќање на царини и други увозни давачки.

2.21. Дел од доходот во висина на средствата здружени за реализација на заеднички програми за развој.

2.22. Дел од доходот во двоен, а за САП Косово во троен износ на средствата што организацијата на здружен труд ќе ги здружи над износот на средствата здружени во согласност со Законот за средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година.

2.23. Дел од доходот во висина на средствата вложени за финансирање на научно-истражувачката работа преку научно-истражувачките организации регистрирани за вршење на таа дејност".

По реден број 2.23. се додаваат 3 нови редни броеви 2.24., 2.25., и 2.26. кои гласат:

„2.24. Делот од доходот во висина на средствата вложени во дисперзија на помали објекти во стопански недоволно развиените краишта и во ридско планинските и пограничните подрачја во СР Македонија.

2.25. Дел од доходот за зачувување, унапредување и заштита на човековата работна и животна средина.

2.26. Дел од доходот што со закон е определен да се издвојува за остварување на солидарноста во изградбата и користењето на станови".

Член 5

Во образецот „ОД" — Пресметка за утврдување на данокот од доход што им се отстапува на организациите на здружен труд по основ на извоз за периодот од 1 јануари до ——— 19—— година, по реден број 4 се додава нов реден број 4-а кој гласи:

„4-а. Процент на отстапување на данокот од доход".

Во реден број 5 во заградата бројот: „4" се заменува со бројот „4-а".

Член 6

Во образецот „ПДЗ" — Посебни податоци, во називот на колоната 7, во заградата број: „4" се заменува со бројот: „4-а".

Редниот број 2 се брише.

Досегашните редни броеви од 3 до 10 стануваат редни броеви од 2 до 9.

Редниот број 5 гласи:

„5. Средства за учество на СРМ во финансирањето на штедењето, супституцијата и рационалното користење на сите видови енергија".

Во истиот образец во реден број II во заградата буквата: „и" се заменува со запирката, а по бројот: „II 3" се додаваат зборовите: „и II 4".

По реден број: „II 3" се додава нов реден број: „II 4" кој гласи:

„II 4. Придонес за Стопанската комора на Македонија".

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 08-576/1
Скопје

Републички секретар
за финансии,
м-р **Методија Тошевски**, с. р.

---

**185.**

Врз основа на дел VIII, точка 3 од Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството во 1988 година („Службен весник на СРМ" бр. 7/88), претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство, во согласност со Републичкиот секретар за финансии, донесува

## УПАТСТВО
## ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НАМЕНЕТИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СТОЧАРСТВОТО, РИБАРСТВОТО И ПЧЕЛАРСТВОТО И ЗА ПРЕМИИ НА НЕКОИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ ВО 1988 ГОДИНА

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на остварување на правото за користење на средствата од

Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството во 1988 година (во натамошниот текст: Програма), кои се наменети за поттикнување на развојот на сточарството, рибарството и пчеларството и за премии на некои земјоделски производи (дел I, алинеите 3 и 4).

Член 2

За остварување правото за користење на средствата од дел IV, точка 2, под редните броеви 1 под б, 2, 4, 5, 8, 9, 11, 12, 13, 17, 18, 19, 25 и 27 од Програмата, корисниците на средствата до Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство ја поднесуваат следнава документација:

ГОВЕДАРСТВО

а) За зголемување на бројот на крави и стелни јуници од благородни раси и нивни крстоски, што ќе претставуваат проширена репродукција на основното стадо, а се од сопствено стадо:

— список на крави и стелни јуници кои претставуваат проширена репродукција на основното стадо, со податоци од матичната евиденција.

— книговодствен доказ за бројната состојба на целото стадо крави за претходната година, по категории, потпишан од овластеното лице;

— доказ од книговодствената евиденција дека подносителот на барањето го зголемува бројот на основното стадо (општествен сектор) или потврда од регионалната служба за селекција и матично книговодство дека индивидулниот земјоделец, до денот на поднесувањето на барањето имал најмалку 2 крави од благородна раса;

— договор склучен меѓу непосредниот давател на средствата и корисникот, со кој се утврдува начинот на користењето на соодветниот (вкупниот) број на крави;

— список за исплатени средства на индивидуланите земјоделци — коопeранти кои ја користеле субвенцијата (се поднесува најдоцна во рок од еден месец по исплатувањето на средствата).

б) За учество во набавката и одгледување на бикови од благородни раси (монтафонска и оберинталска) за индивидуален сектор во ридско-планинските подрачја:

— потврда за извршено лиценцирање и кастрирање на бикови во населеното место;

— уверение за приплодната способност на соодветното грло, издадено од соодветна ветеринарна организација:

— договор за одгледување на бикот за приплод, склучен меѓу општинската стручна служба — центар за унапредување на индивидуалното земјоделство и одгледувачот на бикот.

в) За субвенционирање на опремување на собирни станици за млеко:

— извод од инвестиционата програма за изградба и опремување на собирната станица за млеко, (со податоци за висината на претсметковната вредност, извори на финансирање, извод на локација и др.)

г) За учество во набавката на електрични апарати за молзење крави во индивидуален сектор (во кооперација):

— фактура за извршената набавка на апарати за молзење на крави;

— доказ (испратница или приемница) дека апаратот е предаден на крајниот корисник.

ОВЧАРСТВО

а) За учество во набавката на овни оригинални грла од расата Виртемберг за вештачко осеменување на овци во општествениот и индивидуалниот сектор и за набавка на овни репродуктори за индивидуалниот сектор:

— уверение за приплодната способност на соодветното грло, издадено од соодветна ветеринарна организација;

— договор склучен меѓу непосредниот давател на средствата и корисникот, со кој корисникот се обврзува дека соодветното приплодно грло рационално ќе го користи;

— доказ за извршената продажба на овните.

б) За зголемување на бројот на женски грлаѕиски во матичното стадо во општествен сектор, добиени со вкрстување на домашната популација овци со Виртемберг овни:

— за бројното зголемување на матичното стадо овци со употреба на овни од расата Виртемберг, доказ од книговодството;

— за бројната состојба на целото стадо овци за претходната година, по категории доказ од книговодството, потпишан од овластено лице.

в) За вештачко осеменување на овци (во сезона) во индивидуален сектор, општинската стручна служба за унапредување на индивидуалното земјоделство доставува:

— договор склучен со соодветната ветеринарна организација;

— список на крајните корисници на средствата, со податоци од матичната евиденција;

— записник од двете договорни странки за бројот на осеменетите овци.

г) За учество во набавката на хранилки за јагниња за индивидуален сектор, Републичкиот центар за унапредување на индивидуалното земјоделство доставува:

— договор склучен со производителот на соодветната опрема, и

— доказ (испратница или приемница) дека хранилката е предадена на крајниот корисник.

КОЊАРСТВО

а) За лиценцирање и кастрирање на пастуви:

— записник за извршеното лиценцирање и кастрирање.

б) За осигурување на машки приплодни грла:

— полиса за извршеното годишно осигурување.

РИБАРСТВО

За субвенционирање на цената на кафези за одгледување риби:

— Инвестициона програма.

ПОСЕБНИ НАМЕНИ

а) За учество во набавката на калифорниски глисти за индивидуалниот сектор:

— фактура за извршена набавка и доказ за прием на леглото.

б) Други трошоци за спроведување на програмата и недоволно планирани мерки, контрола во спроведувањето на програмата и друго:

— доказ за реализација на недоволно предвидена мерка и др.

Член 3

Средствата од дел IV, точка 2 за намените под редните броеви од 1—14, од 19—21 и од 24—27 од Програмата, по предлог на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство, се исплатуваат во Републичкиот секретаријат за финансии.

Средствата од дел IV, точка 2 за намените под редните броеви од 15—18, 22 и 23 од Програмата се исплатуваат во Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 4

За остварување правото за користење на средствата од дел V, од Програмата, корисниците на средствата, до службата за општествено книговодство, ја поднесуваат следнава документација:

1. — За остварување на премија на пченица и р'ж од дел V под А од Програмата, се поднесува следнава документација:

а) за откупените количества на семенска и меркантилна пченица од општествениот сектор:

— фактура од организацијата на здружениот труд — производител;

— спецификација за количеството на пченица и р'ж и износот на премијата;

— потврда од овластеното лице во организацијата на здружениот труд за количината на употребената семенска пченица од сопствено производство, за сеидба на своите површини.

б) за откупените количества на меркантилна пченица од индивидуалните производители:

— спецификација за количествата на пченица и р'ж и износот на премијата.

2. — За остварување на премија за сончоглед, маслодајна репа и соја од дел V под Б од Програмата, се поднесува следнава документација:

а) за откупените количества на сончоглед, маслодајна репа и соја од општествениот сектор:

— фактура од организацијата на здружениот труд — производител;

— спецификација во која се внесуваат количествата на сончоглед, маслодајна репа и соја и износот на премијата;

б) за откупените количества од индивидуалните производители:

— спецификација за количествата и износот на премијата.

3. За остварување на премија за шеќерна репа од дел V под В од Програмата, се поднесува следната документација:

а) за откупените количини на шеќерна репа од општествениот сектор:

— фактура од организацијата на здружениот труд — производител;

— спецификација за количествата на шеќерна репа и износот на премијата.

б) За откупените количества од индивидуалните производители:

— спецификација за количествата на шеќерна репа и износот на премијата.

4. За остварување на премијата за кравјо и овчо млеко од дел V под Г од Програмата, се поднесува следната документација:

— извод од книговодствената евиденција за количествата произведено млеко од сопствено производство во која е назначен процентот на млечната маст;

— извод од книговодствената евиденција за откупеното свежо кравјо или овчо млеко произведено во кооперација во која треба да бидат назначени количествата на млекото и процентот на млечната маст, изготвен врз основа на приемницата за откуп на млекото и на списокот на исплатената премија, потпишан од индивидуалните производители од кои се откупува млекото;

— препис од потврдата издадена од ООЗТ Институт за сточарство при РО Земјоделски факултет — Скопје, за уредно вршење на контролата на производствените својства и за водење на матичното книговодство и вршење селекција кај кравите и овците.

— доказ од корисниците на премијата дека е остварена премија од најмалку 30 динари по 1 литар млеко од средствата со кои учествуваат неразвиените општини, односно 40 динари по 1 литар млеко од средствата со кои учествуваат развиените општини.

Индивидуалните производители ја остваруваат премијата на млекото произведено во кооперација преку организацијата на здружениот труд, односно земјоделската задруга со која склучиле договор за производство на млеко во кооперација. Организациите на здружениот труд, односно земјоделските задруги им ја исплатуваат премијата на индивидуалните производители при исплата на цената за откупеното млеко.

Член 5

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 08-696
28 март 1988 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство,
м-р **Богдан Тодоровски**, с. р.

---

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди („Службен весник на СРМ" број 45/86) е направена грешка, поради што се дава

ИСПРАВКА

на Законот за изменување и дополнување на Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди

1. Во член 5 по став 1 треба да стои став 2 кој гласи:

„Конечно усогласување на месечните парични износи од став 1 на овој член се врши на почетокот од наредната година, според порастот на просечниот месечен личен доход во Републиката во претходната година".

Број 13-658/2
24 март 1988 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на СРМ

---

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците („Службен весник на СРМ" број 50/87) е направена грешка, поради што се дава

ИСПРАВКА

на Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците

1. Во член 2 наместо зборовите: „член 3" треба да стојат зборовите: „член 32".

Број 13-657/2
24 март 1988 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на СРМ

# ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**133.**

Врз основа на член 586 од Законот за здружениот труд („Службен лист на СФРЈ" бр. 53/76) и член 88 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83 и 43/85), општинските самоуправни интересни заедници за здравствена заштита, Здружената самоуправна интересна заедница за здравствена заштита на град Скопје, Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Скопје, здравствените работни организации во Републиката и Здружението на здравствените организации на СРМ — Скопје (во натамошниот текст: учесници во спогодбата), склучуваат

## САМОУПРАВНА СПОГОДБА ЗА ПОДЕЛБА НА РАБОТАТА ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СР МАКЕДОНИЈА

### I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со Самоуправната спогодба за поделба на работата во здравствените организации во СР Македони-

ја (во натамошниот текст: спогодба) се врши поделба на работата и се утврдуваат условите за организирање и вршење на примарната, секундарната и терцијарната здравствена заштита, меѓусебните односи и начинот на следењето на спроведувањето на Спогодбата.

Член 2

Со оваа спогодба поблиску се утврдува содржината на работата и видот на здравствените услуги и основните критериуми за организирање и вршење на секундарната и терцијарната здравствена заштита, со што се обезбедуваат подобри услови за достапно, ефикасно, квалитетно, рационално и континуирано работење во здравствените организации во СР Македонија.

Член 3

Со поделбата на работата во здравствените организации особено ќе се постигнат следните цели:

— унапредување на здравствената заштита и надминување на недостатоците во нејзиното спроведување;

— обезбедување на поефикасна и рационална здравствена заштита со побрзо реализирање на приоритетните задачи;

— обезбедување на поусогласен развој на здравствената заштита во согласност со потребите на корисниците и материјалните можности на организациите на здружен труд и пошироката општествена заедница;

— определување на појдовни основи и мерила за програмирање на здравствената заштита;

— обезбедување на стручна и доходовна поврзаност меѓу здравствените организации врз основа на остварените резултати во работата и успесите во задоволувањето на потребите на корисниците на здравствената заштита; и

— спречување на затворање на здравствените дејности во рамките на општинските самоуправни интересни заедници за здравствена заштита.

## II. ПОДЕЛБА НА РАБОТАТА, СОДРЖИНА И ВИДОВИ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА И ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ

### 1. Примарна здравствена заштита

Член 4

Учесниците во Спогодбата се согласни да обезбедат услови за побрз развој на примарната здравствена заштита особено со создавање на просторни, технички и други услови за работа и соодветна едукација и распоред на стручните кадри.

Примарната здравствена заштита се планира, организира и спроведува на подрачјето на секоја општина.

Член 5

Примарната здравствена заштита во смисла на оваа спогодба ги опфаќа мерките со кои се обезбедува грижа за здравствената состојба, грижа за животните и работните услови и нивното влијание врз здравјето и укажување здравствена заштита според местото на живеење и работа односно школување на определени групи на населението и одредени заболувања, со активен диспанзерски метод на работа, како и вршење на други дејности согласно Законот за здравствена заштита и подзаконските акти што произлегуваат од него.

Примарната здравствена заштита се спроведува во здравствена станица, здравствен дом, медицински центри, аптека, други самоуправни организации и заедници под услови утврдени со Законот за здравствената заштита.

Содржината и видот на здравствената заштита и здравствените услуги од примарната здравствена заштита се утврдени во прилог 1, кој е составен дел на оваа спогодба.

Член 6

Примарната здравствена заштита ја укажуваат доктори по медицина и стоматологија, дипломирани фармацевти и други доктори специјалисти од одредени гранки на медицината и стоматологијата и други здравствени работници и здравствени соработници согласно Законот за здравствена заштита.

### 2 Секундарна здравствена заштита

Член 7

Секундарната здравствена заштита во смисла на оваа спогодба ги опфаќа специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита согласно Законот за здравствена заштита, одделни услуги од епидемиолошката, санитарнохигиенската, микробиолошката дејност, дејноста на социјална медицина со организација на здравствената дејност, специјалистичка здравствена заштита на работници и спортисти, изработка на магистрални, галенски препарати и парентерални раствори, снабдување со лекови и санитетски материјални средства во болниците и давање стручна помош на здравствените организации.

Член 8

Специјалистичко-консултативната здравствена заштита во смисла на оваа спогодба ги опфаќа мерките на здравствена заштита кои се преземаат по правило на примарната здравствена заштита во врска со утврдување на дијагнозата, лекувањето, рехабилитацијата и оценката за работната способност.

Член 9

Специјалистичко-консултативната здравствена заштита се обезбедува во здравствен дом, општа болница, медицински центар, специјална болница, клиника, завод и институт и во други здравствени организации согласно Законот за здравствена заштита.

Член 10

Специјалистичко-консултативната здравствена заштита се планира, организира и спроведува на ниво на општина и здравствен регион.

Одредени здравствени услуги од специјалистичко-консултативната здравствена заштита кои заради стручни организации, технолошки и други услови не е можно или не е рационално да се организираат и вршат за населението од една општина, се организираат и вршат за повеќе општини на ниво на здравствен регион.

Член 11

Специјалистичко-консултативна здравствена заштита укажуваат доктори специјалисти од соодветни гранки на медицината и стоматологијата и други здравствени работници и здравствени соработници согласно Законот за здравствена заштита.

Член 12

Болничката здравствена заштита во смисла на оваа спогодба ги опфаќа мерките на здравствена заштита што се преземаат во болнички услови за превенција, дијагностика, лекување, рехабилитација, нега, сместување и исхрана на заболените и повредените, како и следење на заболувањата и повредите, испитувања, утврдување и следење на заболувањата и повредите и утврдување на здравствената состојба.

Здравствените организации кои вршат болничка здравствена заштита спроведуваат и вршат специјалистичко-консултативна дејност.

Член 13

Болничката здравствена заштита се планира, организира и спроведува, по правило, за потребите на две и повеќе општини и на ниво на здравствен регион.

Член 14

Болничката здравствена заштита се обезбедува во општини и специјални болници, медицински центри, заводи и во други здравствени организации согласно Законот за здравствена заштита.

Болничка здравствена заштита за корисниците од град Скопје укажуваат и клиниките и институтите на Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет согласно Законот за здравствена заштита и Самоуправната спогодба за разграничување на секундарната и терцијарната здравствена заштита.

Член 15

Содржината и видот на здравствената заштита и на здравствените услуги од специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита утврдени се во прилог 2, кој е составен дел на оваа спогодба.

**3. Терцијарна здравствена заштита**

Член 16

Под терцијарна здравствена заштита во смисла на оваа спогодба се подразбира високодиференцирана односно најсложени видови здравствена заштита кои се преземаат во дијагностиката, лекувањето и рехабилитацијата на заболени и повредени од одредени поретки, тешки и комплицирани заболувања и повреди за кои се потребни најсложени медицински постапки, високодиференцирани супспецијализирани кадри и современа медицинска опрема.

Терцијарната здравствена заштита ги опфаќа најсложените видови на специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита, најсложени те здравствени услуги од областа на епидемиологијата, хигиената, микробиологијата, вирусологијата, социјалната медицина со организација на здравствената дејност, заштита на работниците и спортистите, како и контрола на лекови и лековити производи пред нивното пуштање во промет.

Член 17

Здравствените организации кои обезбедуваат терцијарна здравствена заштита заземаат и утврдуваат доктринирани ставови во врска со превенцијата, дијагностиката и лекувањето и вршат стандардизација на специјализираните техники и методи кои се користат во нивната дејност.

Член 18

Терцијарната здравствена заштита се планира, организира и спроведува на ниво на Република.

Член 19

Терцијарна здравствена заштита укажуваат тимови чии носители се доктори специјалисти, супспецијалисти и други високодиференцирани кадри од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата и други здравствени работници и здравствени соработници, согласно Законот за здравствена заштита.

Член 20

Содржината и видот на здравствената заштита и здравствените услуги од терцијарната здравствена заштита утврдени се во прилог 3 кој е составен дел на оваа спогодба.

## III. ОСНОВНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ВРШЕЊЕ НА СЕКУНДАРНАТА И ТЕРЦИЈАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**1. Секундарна здравствена заштита**

Член 21

За планирање, организирање, спроведување и развивање на болничката здравствена заштита учесниците во Спогодбата се согласни да ги применуваат следните критериуми за организирање болнички одделенија од разни гранки на специјалност во медицината:

1. број на постели во болничка единица, кој за хируршките дисциплини изнесува најмалку 15, а за интернистичките дисциплини најмалку 20 постели, согласно Уредбата* за поблиските услови за почнување се работи на здравствените работни организации во однос на просторот, опремата и кадрите;

2. број на постели во болничко одделение;

3. болничко одделение за хируршки и интернистички дисциплини треба да има најмалку 2 болнички единици;

4. број на жители неопходен за формирање на болничко одделение;

5. број на жители на една постела од одредена дејност;

6. број на болнички постели од одредена дејност на 1000 жители;

7. број на болнички постели од одредена дејност на терцијарната на општината и

8. број на болнички постели од одредена дејност на ниво на здравствен регион.

Критериумите за организирање болнички одделенија во дејности во СРМ и бројот на жители на една постела по дејност утврдени се во прилог 4, табела 3, кој е составен дел на оваа спогодба.

Бројот на постелите од одредени дејности за остварување болничка здравствена заштита на ниво на општина и на регион утврдени се во прилог 4, табела 4, а нивниот распоред по општини и по дејности утврден е во табела 5 (1—12) во прилог 4, кој е составен дел на оваа спогодба.

**2. Терцијарна здравствена заштита**

Член 22

За планирање, организирање, спроведување и развивање на терцијарната здравствена заштита учесниците во Спогодбата се согласни да ги применуваат следните критериуми:

Бројот на постели во интерните дисциплини во остварувањето на најсложените видови здравствена заштита во Републиката се утврдува врз основа на стапката на болнички постели на 1000 жители во одделни дисциплини, утврдени според бројот на заболените во последните 2 години во Републиката изнесува:

| ДИСЦИПЛИНА | Стапка на 1000 жители | Вкупно постели |
|---|---|---|
| 1. Нефрологија | 0,008 | 16 |
| 2. Кардиологија | 0,008 | 14 |
| 3. Гастроентерологија | 0,010 | 20 |
| 4. Ендокринологија | 0,009 | 18 |
| 5. Хематологија | 0,013 | 27 |
| 6. Реуматологија | 0,007 | 14 |
| 7. Токсикологија | 0,002 | 4 |
| 8. Пулмоалергологија | 0.009 | 18 |
| 9. Педијатрија | 0,034 | 69 |
| 10. Неурологија и психијатрија | 0,032 | 65 |
| 11. Заразни болести | 0,009 | 18 |
| 12. Дерматовенерологија | 0,0025 | 5 |
| 13. Онкологија и радиотерапија | 0,0439 | 89 |
| Вкупно: | 0,1864 | 378 |

Член 23

Бројот на постелите во хируршките дисциплини во остварувањето на најсложени видови здравствена заштита во Републиката се утврдува врз основа на стапката на болнички постели на 1000 жители по одделни дисциплини, утврдена според бројот на заболените во последните 2 години во Републиката изнесува:

| ДИСЦИПЛИНА | Стапка на 1000 жители | Вкупно постели |
|---|---|---|
| 1 Хирургија | 0,076 | 154 |
| 2. Ортопедија | 0,033 | 67 |
| 3. Гинекологија | 0,044 | 89 |
| 4. Акушерство со неонаталогија | 0,011 | 22 |
| 5. Оториноларингологија | 0,023 | 47 |
| 6. Очни болести | 0,020 | 41 |
| 7. Максилофацијална хирургија | 0,010 | 20 |
| Вкупно: | 0,2170 | 440 |

---

* Оваа уредба е објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 11/85.

## IV. СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СПОГОДБАТА И МЕЃУСЕБНИТЕ ОДНОСИ

Член 24

За следење на спроведување на Спогодбата учесниците во Спогодбата формираат Координациono тело за следење на Спогодбата (во натамошниот текст: Координационо тело).

Член 25

Координационото тело се состои од 13 члена и тоа:

— два члена од редот на делегатите на Собранието на Републичката СИЗ за здравствена заштита;

— еден член од Здружението на здравствените организации на СРМ;

— два члена од секој здравствен регион;

— еден член од Здружената СИЗ за здравствена заштита на град Скопје и

— еден член од Медицинскиот факултет — Скопје.

Член 26

Координационото тело ги врши следните работи:

— го следи спроведувањето на Спогодбата и врз основа на констатираната состојба донесува заклучоци и предлага преземање соодветни мерки за спроведување на Спогодбата;

— ги известува учесниците во Спогодбата за преземените мерки и активности во врска со спроведувањето на Спогодбата;

— дава конкретни предлози за разрешување на спорни прашања во организирањето на здравствената дејност;

— ги толкува одредбите и дава појаснување за примена на Спогодбата;

— еднаш годишно изготвува извештај за спроведување на Спогодбата;

— предлага измени и дополнување на Спогодбата согласно согледувањата и потребите и

— врши и други работи утврдени во оваа спогодба што ќе ги доверат учесниците на Спогодбата.

Член 27

Координационото тело може да укаже на надлежниот орган на управување на учесниците во Спогодбата за дејствијата и пропустите што не се во согласност со оваа спогодба, односно за неизвршување на одредбите утврдени во неа.

Учесникот во Спогодбата кој ќе биде предупреден во смисла на претходниот став е должен да заземе свој став по укажувањето на Координационото тело и за него да го извести Координационото тело.

Член 28

Учесниците во Спогодбата се согласија против учесниците кои не се придржуваат кон оваа спогодба и не ги отстранат пропустите на кои им е укажано, Координационото тело да може да ги преземе следните мерки:

1. писмено да ги извести сите учесници во Спогодбата дека не е постапено по укажувањето на Координационото тело;

2. да доставува известување до општествено-политичките заедници и општествено-политичките организации за преземање на соодветни мерки против оние учесници кои што не се придржуваат кон Спогодбата.

Член 29

Административно-техничките работи на Координационото тело ги врши Стручната служба на Републичката СИЗ за здравствена заштита.

## V. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СПОГОДБАТА

Член 30

Секој учесник на Спогодбата има право да поднесе писмено барање за измени и дополнувања на Спогодбата.

Барањето од претходниот став со соодветно образложение се доставува до сите учесници на Спогодбата преку Координационото тело, кои во рок од 15 дена по приемот треба да се изјаснат по предлогот.

Член 31

Во случај на согласност од претходниот член, Координационото тело утврдува нацрт за измени и дополнувања на Самоуправната спогодба и истиот го доставува до сите учесници на Спогодбата.

Постапката за изменување и дополнување на Спогодбата е идентична со постапката за нејзиното донесување.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 32

Потписниците на Спогодбата се согласни здравствените организации својата работа да ја усогласат со одредбите од оваа спогодба во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа спогодба.

Во рок од шест месеци по влегувањето во сила на оваа спогодба престануваат со работа болничките одделенија во здравствените домови и болничките одделенија по пнеумофтизиологија во Охрид и во Кичево и болничкото одделение за очни заболувања, како и одделението за уво, нос и грло во Гевгелија.

Во рок од три години по влегувањето во сила на оваа спогодба престануваат со работа хируршките одделенија во Дебар и Крива Паланка и болничките одделенија од пнеумофтизиологија во Здравствен дом-Кратово и Медицинскиот центар во Штип.

Член 33

Кон Спогодбата можат да пристапат и други заинтересирани самоуправни органи и организации доколку ги прифатат правата и обврските утврдени со Спогодбата.

Член 34

Оваа спогодба се смета за склучена откако ќе ја усвојат учесниците во Спогодбата и ќе ја потпишат нивните овластени претставници.

Прилозите 1, 2, 3 и 4, кои се составен дел на оваа спогодба, ќе се објават во „Билтен" — весник за прашањата од пензиското и инвалидското осигурување и здравствената заштита.

Оваа спогодба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-572/1-88
4 декември 1987 година
Скопје

Потписници:

1. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Берово,
м-р **Јован Пачемски**, с. р.
2. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Битола,
д-р **Владо Хаџиев**, с р.
3. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — М. Брод.
**Крсте Симески**, с. р.
4. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Валандово;
**Слободан Јовановиќ**, с. р.
5. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Виница,
**Гордана Атанасова**, с. р.
6. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Гостивар,
**Милутин Алексовски**, с. р.
7. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Делчево,
**Таќев Новица**, с. р.
8. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Д. Хисар,
**Борче Граматовски**, с. р.
9. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кавадарци,
**Диме Чејков**, с .р.

10. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кичево,
**Стојмир Михајловски,** с. р.
11. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кочани,
м-р **Никола Николов,** с. р.
12. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кратово,
**Тихомир Николовски,** с. р.
13. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Крушево,
д-р **Коста Андрески,** с. р.
14. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Куманово,
**Звонимир Спасовски,** с. р.
15. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Неготино,
**Фруска Зафирова,** с. р.
16. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Прилеп,
**Раде Мешески,** с. р.
17. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Пробиштип,
**Станко Трајановски,** с. р.
18. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Радовиш,
**Глигор Петров,** с. р.
19. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Ресен,
**Науме Попевски,** с. р.
20. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Св. Николе,
**Камче Тошев,** с. р.
21. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Струга,
**Перо Гоцо,** с. р.
22. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Струмица,
**Драгица Веслиевска,** с. р.
23. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово,
**Ристо Савевски,** с. р.
24. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Т. Велес,
**Митко Добревски,** с. р.
25. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Штип,
д-р **Богољуб Јовев,** с. р.
26. За Здружената СИЗ за здравствена заштита на град Скопје,
прим. д-р **Ксенија Беговиќ-Груевска,** с. р.
27. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Гази Баба — Скопје,
**Виолета Јованова,** с. р.
28. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Карпош — Скопје,
**Драган Михајловски,** с. р.
29. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кисела Вода — Скопје,
**Стамен Арсенков,** с. р.
30. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Центар — Скопје,
**Павле Петров,** с. р.
31. За Општинската СИЗ за здравствена заштита — Чаир — Скопје,
д-р **Тодор Ќосев,** с. р.
32. За Републичката СИЗ за здравствена заштита — Скопје,
д-р **Кирил Апостолов,** с. р.
33. За Здравствениот дом — Берово,
д-р **Методи Чучурски,** с. р.
34. За здравствената станица — Пехчево,
**Илија Кошулански,** с. р.
35. За Медицинскиот центар — Битола,
д-р **Јован Аврамовски,** с. р.
36. За Здравствениот дом — Македонски Брод,
д-р **Александар Терзиоски,** с. р.
37. За здравствениот дом — Валандово,
**Драган Спасовски,** с. р.
38. За здравствениот дом — Виница,
д-р **Мишо Михајловски,** с. р.
39. За Медицинскиот центар — Гостивар,
д-р **Бранислав Јаковлески,** с. р.
40. За Здравствениот дом — Ростуше,
д-р **Русе Бошковски,** с. р.
41. За Здравствената установа — Дебарска Бања — Дебар,
д-р **Крсте Казанџиевски,** с. р.
42. За здравствениот дом — Делчево,
д-р **Станко Ракочевиќ,** с. р.
43. За Заводот за превенција и лекување на респираторни болести — Отешево,
д-р **Арсе Гошаревски,** с. р.
44. За Здравствената станица — Демир Хисар,
д-р **Кире Здравевски,** с. р.
45. За Болницата за душевни болести Демир Хисар,
д-р **Димитар Петровски,** с. р.
46. За Медицинскиот центар — Кавадарци,
д-р **Милан Камчев,** с. р.
47. За Медицинскиот центар — Кичево,
д-р **Методија Гаврилоски,** с. р.
48. За Медицинскиот центар — Кочани,
д-р **Душан Дамев,** с. р.
49. За Здравствениот дом — Кратово,
д-р **Николчо Георгиевски,** с. р.
50. За Здравствениот дом — Крушево,
д-р **Анастас Стојчески,** с. р.
51. За Медицинскиот центар — Куманово,
д-р **Зоран Атанасовски,** с. р.
52. За Здравствениот дом — Неготино,
**Ангел Иванов,** с. р.
53. За Специјалната болница за ортопедија и трауматологија и коскозглобна туберкулоза — Охрид,
**Станко Тололески,** с. р.
54. За специјалната детска болница — Охрид,
прим. д-р **Ристо Шокаровски,** с. р.
55. За центарот за превенција, лекување и рехабилитација на кардио-васкуларни заболувања — Охрид,
д-р **Наум Зимоски,** с. р.
56. За Медицинскиот центар — Прилеп,
д-р **Светозар Кузманоски,** с. р.
57. За Здравствениот дом — Пробиштип,
д-р **Стефчо Николовски,** с. р.
58. За Здравствениот дом — Радовиш,
**Никола Димитров,** с. р.
59. За Здравствениот дом — Ресен,
**Науме Тасевски,** с. р.
60. За здравствената станица — Св. Николе,
д-р **Душан Јованов,** с. р.
61. За Клиниката за гинекологија и акушерство — Скопје,
доц. д-р **Златан Џиков,** с. р.
62. За Клиниката за детски болести — Скопје,
**Бранислав Брашнаров,** с. р.
63. За Клиниката за очни болести — Скопје,
**Слободан Георгиевски,** с. р.
64. За Клиниката за хируршки болести — Скопје,
**Смиља Лазаревска,** с. р.
65. За Клиниката за ортопедски болести — Скопје,
**Томе Анакиев,** с. р.
66. За Клиниката за кардиологија — Скопје,
**Петар Секуловски,** с. р.

67. За Клиниката за токсикологија — Скопје,
Георги Пиловски, с. р.
68. За Клиниката за реуматологија — Скопје,
Александар Шушевски, с. р.
69. За Клиниката за ендокринологија — Скопје,
д-р Гордана Пемовска, с. р.
70. За Клиниката за гастро-ентеро-хепатологија — Скопје,
проф. д-р Владислав Бидиков, с. р.
71. За Клиниката за нефрологија — Скопје,
проф. д-р Ѓорѓи Масин, с. р.
72. За Клиниката за пулмоалергологија — Скопје,
д-р Деан Докиќ, с. р.
73. За Клиниката за ОРЛ болести — Скопје,
д-р Ѓорѓи Оровчанец, с. р.
74. За Клиниката за инфективни болести — Скопје,
д-р Васил Василев, с. р.
75. За Клиниката за хематологија — Скопје,
прим. ас. д-р Ристо Стојаноски, с. р.
76. За Клиниката за нервни и душевни болести — Скопје,
д-р Методи Чепреганов, с. р.
77. За Клиниката за нервни и душевни болести — Скопје,
ас. д-р Тодор Павловски, с. р.
78. За Клиниката за максилофацијална хирургија — Скопје,
Бранко Симовски, с. р.
79. За Клиниката за стоматологија — Скопје,
ас. д-р Драгољуб Велески, с. р.
80. За Градската општа болница — Скопје,
д-р Томислав Јовановски, с. р.
81. За ОЗТ Гинекологија и акушерство Чаир,
д-р Томе Гелевски, с. р.
82. За ООЗТ Детска пнеумофтизиологија — Скопје,
прим. д-р Љубомир Јаковски, с. р.
83. За Болницата за душевни и нервни болести — Бардовци — Скопје,
прим. д-р Предраг Кировски, с. р.
84. За Институтот за радиотерапија и онкологија — Скопје,
прим. д-р Никола Хорватиќ, с. р.
85. За Институтот за радиологија — Скопје,
Благоја Боцевски, с. р.
86. За Институтот за градни болести и туберкулоза — Скопје,
прим. д-р Бошко Методиев, с. р.
87. За Институтот за патофизиологија — Скопје,
д-р Даниела Поп-Ѓорчева, с. р.
88. За Институтот за клиничка биохемија — Скопје,
д-р Анастасија Поп-Стефанова, с. р.
89. За Заводот за медицинска рехабилитација — Скопје,
д-р Михаил Самарџиски, с. р.
90. За Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас — Скопје,
Славка Каленикова, с. р.
91. За Републичкиот завод за трансфузиологија — Скопје,
д-р Драган Ивановски, с. р.
92. За Заводот за ментално здравје на деца и младинци — Скопје,
прим. д-р Петар Настов, с. р.
93. За Републичкиот завод за здравствена заштита — Скопје,
прим. д-р Сотир Сотировски, с. р.
94. За Здравствената установа — Катлановска бања — Катланово — Скопје,
прим. д-р Благоја Милошевски, с. р.
95. За Геронтолошкиот центар — „13 Ноември“ — Скопје,
Слободанка Костова, с. р.
96. За Здравствениот дом — Скопје,
д-р Петко Чадиковски, с. р.
97. За Здравствениот дом на железничарите — Скопје,
д-р Олга Михова, с. р.
98. За Студентската поликлиника — Скопје,
д-р Александар Цинушев, с. р.
99. За Градската аптека — Скопје,
м-р Димитар Гештаков, с. р.
100. За аптеката при Клиниките на Медицинскиот факултет — Скопје,
Драгомир Гашевски, с. р.
101. За Медицинскиот центар — Струга,
Димитар Трпеноски, с. р.
102. За Медицинскиот центар — Струмица,
д-р Борис Павлов, с. р.
103. За Медицинскиот центар — Тетово,
д-р Благоја Симовски, с. р.
104. За Здравствената станица — Тетекс — Тетово,
д-р Анаќи Марковски, с. р.
105. За Болницата за градни болести и туберкулоза, Лешок — Тетово,
д-р Ѓорче Јовановски, с. р.
106. За Медицинскиот центар — Титов Велес,
прим. д-р Стево Стровјановски, с. р.
107. За Специјалната болница за белодробна туберкулоза — Јасеново — Титов Велес,
д-р Томислав Доградаџиев, с. р.
108. За Аптеката „9 Ноември“ — Титов Велес,
Јордан Ботинов, с. р.
109. За Медицинскиот центар — Штип,
д-р Никола Камчев, с. р.
110. За Здружението на здравствените работни организации на СРМ — Скопје,
д-р Миле Јовановски, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**134.**

Врз основа на член 47 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 22. III. 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
**ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДОДАТОК НА ДЕЦА И ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 1988 ГОДИНА НА РУДНИЦИ И ИНДУСТРИЈА „ФЕНИ“ КАВАДАРЦИ**

Член 1

Рудници и индустрија за никел и антимон „Фени“ — Кавадарци, во делот на објектот кој мирува, се ослободува од обврска за здружување средства од личен доход од вработените, во Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и

основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за остварување на додаток на деца и основно образование за 1988 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1988 година до 31 декември 1988 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 11-304/7
22 март 1988 година
Скопје

Претседател
**Павлина Василева,** с. р.

**135.**

Врз основа на член 57 став 2 точка 1 од Законот за општествена заштита на децата („Сл. весник на СРМ" бр. 6/81) и член 47 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 22. III. 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈНИСКИОТ ИЗНОС НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ДОДАТОК НА ДЕЦА НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ ЗА 1988 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува најнискиот износ на основицата за пресметување и плаќање на придонес за додаток на деца на лица вработени кај приватни работодавци во 1988 година, наведени во чл. 57 став 2 точка 1 од Законот за општествена заштита на децата.

Член 2

Како најнизок износ на основицата за пресметување на придонес се зема износот 143.920 динари.

Член 3

Аконтативниот износ на придонесот за 1988 година се пресметува по стапка од 1,25‰ од бруто личен доход на работникот или пресметана во нето истата изнесува 2,08‰.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1988 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 11-304/16
22 март 1988 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

**136.**

Врз основа на чл. 3 ст. 2 од Самоуправната спогодба за изедначување на Критериумите и висината на учеството во опремување на новороденото дете и посебен додаток во СРМ, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата од 22. III. 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ ДОДАТОК

Член 1

Висината на посебниот додаток за децата со тешки, потешки и најтешки пречки во психофизичкиот развиток од 1. IV. 1988 година се определува во износ од 30.000 динари по дете.

Член 2

Висината на посебниот додаток, определена во член 1 од оваа одлука, се усогласува со тековниот пораст на личниот доход во СРМ.

Член 3

Висината на посебниот додаток ќе се утврдува согласно прописите за додаток на деца и одредбите од Самоуправната спогодба.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува од 1. IV. 1988 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 11-304/10
22 март 1988 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

**137.**

Врз основа на чл. 18 ст. 2 од Законот за општествена заштита на децата („Сл. весник на СРМ" бр. 6/81), чл. 47 т. 5 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата („Сл. весник на СРМ" бр. 10/87), Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 22. III. 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЦЕНЗУСОТ И ИЗНОСОТ НА ДОДАТОК НА ДЕЦА ВО 1988 ГОДИНА

Член 1

Висината на цензусот за користење право на додаток на деца во 1988 година изнесува:

— за прва цензусна група, до 25.530 динари;

— за втора цензусна група од 25.540 до 42.550 динари.

Член 2

Висината на цензусот за користење право на додаток на деца за самохран родител со деца во 1988 година изнесува:

— за прва цензусна група, до 38.300 динари;

— за втора цензусна група од 38.310, до 63.850 динари.

Член 3

Износите од член 1 и 2 од оваа одлука се однесуваат на месечниот приход остварен по член на семејството во 1987 година.

Член 4

Членовите на поширокото семејство се смета дека немаат сопствени приходи доволни за издржување ако нивниот катастарски приход од земјоделие не го надминува износот од 13.300 динари годишно или ако другите приходи не го надминуваат износот од 10.530 динари месечно или ако збирот на сите приходи не го надминуваат износот од 139.660 динари годишно.

Катастарскиот приход се утврдува согласно чл. 26 од Правилникот за утврдување условите и начинот на остварувањето на додаток на деца.

Член 5

Висината на додатокот на деца во 1988 година изнесува:

| степен на школување | I — динари | II — динари |
|---|---|---|
| степен на школување | **I — динари** | **II — динари** |
| За дете од предучилишна возраст и дете ученик во основ. образов. | 15.000 | 12.000 |
| За дете редовен ученик во средно насочено образование | 20.000 | 15.000 |
| За дете редовен студент во виша и високошколска организација | 30.000 | 25.000 |

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. IV. 1988 година.

Бр. 11—304/9
22 март 1988 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

---

**138.**

Врз основа на одредбите од Законот за санација и престанок на ОЗТ („Сл. лист на СФРЈ" бр. 72/86) и член 47 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 22. III. 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ ПРИДОНЕС ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Организациите на здружен труд, кои за 1987 година не го уплатиле од личен доход Републичкиот придонес за основно образование по стапка од 0,70% и диференцирано по стапка од 0,35% и 0,49%, односно чии налози за плаќање на републички придонес за основно образование чекаат за наплата, се ослободуваат од обврската за плаќање на придонес за основно образование во Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за 1987 година.

Член 2

Од обврската за здружување средства во смисла на член 1 на оваа одлука се ослободуваат и ОЗТ со кои е склучено присилно порамнување во стечајна постапка пред надлежните окружни стопански судови во Републиката, за делот за кој согласно присилното порамнување им стои обврска да ги уплатат.

Член 3

Се овластува Службата на општественото книговодство да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 11-304/8
22 март 1988 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

---

**139.**

Врз основа на одредбите од Законот за санација и престанок на ОЗТ („Сл. лист на СФРЈ" бр. 72/86) и член 47 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 22. III. 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ ПРИДОНЕС ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ДОДАТОК НА ДЕЦА ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Организациите на здружен труд, кои за 1987 година не го уплатиле од личен доход републичкиот придонес за општествена заштита на децата — додаток на деца по стапка од 1,35% и диференцирана стапка 0,68% и 0,95%, односно чии налози за плаќање на републичкиот придонес за општествена заштита на децата чекаат за наплата, се ослободуваат од обврската за плаќање придонес за општествена заштита на децата — додаток на деца во Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за 1987 година.

Член 2

Од обврската за здружување средства во смисла на член 1 на оваа одлука, се ослободуваат и ОЗТ со кои е склучено присилно порамнување во стечајна постапка пред надлежните окружни стопански судови во Републиката, за делот за кој согласно присилното порамнување им стои обврска да ги уплатат.

Член 3

Се овластува Службата на општественото книговодство да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр.11-304/17
22 март 1988 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

---

**140.**

Врз основа на чл. 18 ст. 2 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81) и чл. 47 т. 5 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 10/87), Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата на 22. III. 1988 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ДОДАТОКОТ НА ДЕЦА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат условите и начинот на остварување на додатокот на деца како организиран облик на општествената заштита на децата, постојано парично примање на дете од семејство со понизок семеен стандард.

Член 2

Додатокот на деца се остварува под определени услови, врз основа на начелата на заемност и солидарност на работниците и работните луѓе во Републиката, со цел да се влијае во подигањето, воспитанието и образованието на детето.

Член 3

Граничниот износ на цензусот од кој зависи остварувањето на додатокот на деца, во почетокот на годината се усогласува со порастот на личниот доход по вработен во Републиката, остварен во претходната година.

Член 4

Номиналниот износ на висината на додатокот на деца се усогласува со тековниот пораст на личниот доход во СРМ.

Член 5

Утврдувањето на граничниот износ на приходите и висината на номиналниот износ на додатокот на деца, го врши секоја година Собранието на Републичката заедница со посебна одлука.

Член 6

Додатокот на деца се остварува во зависност од бројот на децата во семејството, по редот на раѓање, возраста на детето — степенот на школувањето и од материјалната состојба на семејството.

Член 7

На дете, на кое општествената заедница му обезбедува целосно бесплатно издржување, не се исплатува додаток на деца, освен на дете без родителска грижа сместено во друго семејство.

Член 8

Со стапување на дете во брак престанува правото на додаток на деца и тоа со истекот на месецот во кој бракот е склучен.

Член 9

Додатокот на деца се исплатува на родителот на детето односно старателот кој се грижи за подигањето, воспитанието и образованието на детето.

Додатокот на деца не може да биде предмет на извршување — освен по одлука на судот или органот за старателство заради издршка во корист на децата — корисници на додаток на деца и во случај на поврат на повеќе исплатен додаток.

## II. УСЛОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДОДАТОКОТ НА ДЕЦА

### А. Број на децата

Член 10

Додаток на деца припаѓа за првите три деца по редот на раѓање што родителот односно старателот ги издржува и тоа за: деца родени во брак или вон брак и посвоените деца

Додатокот на деца припаѓа и за внучиња, браќа и сестри како и за други деца земени на издржување.

За децата земени на издржување додаток на деца припаѓа и кога тие имаат родители ако:

1. родителите им се наполно и трајно неспособни за стопанисување;

2. се на издржување на казна затвор;

3. им е одземено родителското право;

4. родителите ја напуштиле СФРЈ и им е непознато местото на живеење;

5. Родителите се на редовно школување.

Додатокот на деца од став 3 на овој член припаѓа ако ни родителите ни децата немаат имот или приходи од кои децата можат да се издржуваат.

Додатокот на деца им припаѓа само на децата кои живеат и се школуваат на територијата на СФР Југославија.

### Б. Возраст на детето

Член 11

Додатокот на деца, под услов да се исполнети и останатите услови предвидени со овој правилник, можат да остварат првите три деца по редот на раѓање најдоцна до навршени 26 години од животот, доколку се наоѓаат на редовно школување и тоа:

— дете од предучилишна возраст и ученик во основно образование,

— дете — ученик во средно насочено образование, и

— дете — редовен студент во виша и високошколска организација.

Член 12

На дете кое е редовен ученик во основно училиште додатокот на деца му припаѓа до завршувањето на школувањето, односно до наполнување на 17 години, заклучно со 31 август во годината.

Член 13

На дете редовен ученик во средно насочено образование, додаток на деца му припаѓа до крајот на школувањето утврдено со плановите и програмите на воспитно образовната дејност.

Член 14

На дете, редовен студент во високошколска организација, додаток на деца му припаѓа за онолку семестри колку што трае редовното школување утврдено со Статутот на високошколската организација, сметано од запишувањето, како и за времетраењето на апсолвентскиот стаж, но најмногу до навршените 26 години од животот.

Член 15

Додатокот на деца припаѓа и за време додека детето поради болест е спречено да го посетува училиштето, односно редовно да полага испити и да запишува семестри.

На детето кое по престанок на боледувањето ќе продолжи со редовното школување, а поради долготo боледување не е во можност школувањето да го заврши во редовен рок, додатокот на деца се исплатува и по истекот на годината до која припаѓа додаток и тоа за онолку време колку што детето изгубило од редовното школување.

Член 16

На дете кое се наоѓа на редовно школување во специјално училиште или во специјално одделение на основно училиште и во други организации кои вршат образование, воспитание и оспособување за работа, додаток на деца му припаѓа независно од возраста се додека е редовен ученик во тоа училиште односно одделение.

Член 17

Дете, кое наполно и трајно или за подолго од една година ќе остане неспособно за работа пред навршените 15 години од животот или за време на редовното школување, има право на додаток на деца за сето време на траењето на неспособноста.

Како наполно и трајно неспособно за работа се смета и дете на кое му е признато право на работно оспособување се до нејзиното успешно завршување.

Член 18

За децата од член 17 на овој правилник, висината на додатокот на деца во зависност од цензусната група се определува на следниот начин:

— за дете до навршени 15 години живот, висината на додатокот изнесува како за дете од предучилишна и основно училишна возраст;

— за дете од 15 до 18 годишна возраст, како за дете во средно училиште;

— за дете над 18 годишна возраст, како за дете на виша или висока школа.

Член 19

Додатокот на деца на дете кое се наоѓа на редовно школување се исплатува и за време на училишниот распуст како и за време на изведувањето на практичната работа предвидена со планозите и програмите на воспитно образовната дејност.

На дете на кое му престанало својство на редовен ученик односно на редовен студент, престанува исплатата на додатокот на деца од првиот ден на наредниот месец по престанување на тоа својство.

### В. Материјалната состојба на семејството

Член 20

Додаток на деца се остварува во зависност од вкупните приходи на семејството остварени во претходната година преку определување на цензусот на приходи по член на семејството.

Член 21

Во вкупни приходи во смисла на претходниот член влегуваат:

1. личниот доход остварен од работен однос во здружениот труд;

2. надомест на личен доход за време траење на времена неспособност на работа, по основ на работен однос и по основ на здравствено осигурување

3. пензија и други примања по основ на пензиско осигурување;

4. паричен надоместок за време на привремена невработеност;

5. надомест на личен доход за време на задолжително практична работа или доостручување;

6. вистински приходи од земјоделска дејност;

7. вистинскиот доход остварен од дополнително вршење на самостојна стопанска или занаетчиска дејност;

8. личен доход од интелектуална и друга нестопанска дејност; и

9. други на данок подложни приходи (од авторски права, патенти и други технички унапредувања, приход од издавање под закуп станбени и работни простории или земја, доход од граѓанско-правен однос, договор за дело, вештачење, повремени приходи и сл.).

Член 22

Во вкупниот приход на семејството од претходниот член не влегува:

1. паричен надоместок (инвалиднина), за телесно оштетување и додаток за туѓа нега и помош што се остварува по прописите за инвалидско осигурување и за социјална помош;

2. додаток на деца што им припаѓа на некои од членовите на семејството;

3. ученички и студентски кредит, и стипендии што се исплатуваат за редовно школување на децата;

4. надоместоци и помош од средствата за заедничка потрошувачка (регрес за годишен одмор, за топол оброк, за рекреација и опоравок, помош во исклучителни случаи, отпремнина и сл.);

5. алиментација за издржување на член на семејството;

6. теренски додаток и додаток за одвоен живот;

7. надомест на личен доход остварен по основ на иновација, рационализација и друг вид на творештвото во работните организации;

8. личен доход кој работникот го остварил во работно време подолго од полното работно време, кога на таква работа бил обврзан со Закон;

9. средствата што се плаќаат за месген самопридонес, на име солидарност за отклонување на елементарни непогоди и членарина на општествено-политичките организации;

10. постојана парична помош според Законот за социјална заштита;

11. паричен надоместок во случај на привремена невработеност, доколку тоа е единствен приход;

12. други примања или надоместоци за кои со посебни прописи е предвидено да не се земаат во предвид при утврдување на имотната состојба на семејството;

13. надоместокот за дете без родителска грижа сместено во друго семејство.

Член 23

Во вкупните приходи на детето без родителска грижа сместено во друго семејство не влегува надоместокот за неговото сместување.

Член 24

При утврдување на приходите на децата без обата родители, заради утврдување на правото на додаток на деца, не се земаат приходите на семејството кое за тие деца се грижи.

Член 25

При утврдување на правото на додаток на деца за децата на разведените родители се земаат предвид само приходите на семејството на родителот кај кого детето живее.

Член 26

Вистински приход од земјоделска дејност во смисла на член 21 т. 6 од овој правилник, претставува катастарскиот приход кој служел како основица за утврдување на данокот од личен доход од земјоделска дејност за претходната година помножен со коефициентот — факторот што го утврдува Републичкиот секретар за финансии во согласност со Републичкиот секретар за земјоделство и шумарство.

Како вкупен годишен приход од дополнително вршење на самостојна стопанска и професионална дејност во смисла на чл. 21 т. 7 од овој правилник се зема основицата на данокот според кој се утврдува вистинскиот доход на даночниот обврзник во тековната година.

Како приход од привремено вршење на други дејности и останати приходи во смисла на чл. 21 т. 9 од овој правилник, се зема вкупниот остварен приход утврден со договор, решение или друг акт на надлежен орган.

Кога семејството остварува приход по основ на користење на земја под закуп, катастарскиот приход утврден за тоа земјиште претставува основ на утврдување на вистинскиот доход.

Член 27

Во случаите кога данокот се плаќа во годишен паушален износ, вкупниот приход се утврдува на тој начин што паушалниот износ на данокот се множи со 100 и добиениот износ се подели со просечната стапка на оданочување, утврдена со одлука на Собранието на општината за таа дејност.

Ако на подрачјето на општината не се обавува таква дејност, се користи стапката на оданочување за слична дејност.

Приходите од згради, станбени и работни простории што се издаваат под закуп, се сметаат како годишни приходи — се делат на 12.

Член 28

Остварените приходи на семејството по еден или повеќе основи се собираат, а потоа се делат на 12 месеци и добиениот месечен приход се дели на бројот на членовите на семејството.

Кога вкупниот приход се остварува по основ од работен однос, на работно место на кое се извршуваат работни задачи под посебни услови (чл. 39 од Законот за работни односи), во тој случај, остварениот вкупен приход (личен доход) се дели на онолку месеци за колку се признава стаж на осигурување со зголемено траење на односното работно место.

Член 29

При утврдувањето на вкупниот приход во семејството, се зема и делот од личниот доход од земјоделска дејност, што се остварува од сопственички дел на земјоделски имот, односно со наследнички дел на нераспределена оставина кој според наследното право му припаѓа на корисникот, или член на семејството, без оглед на тоа дали членовите на семејството живеат на тој имот.

Член 30

Кога членовите на потесното семејство живеат на земјоделски имот на сродници (браќа, сестри, родители, посвоители, очув, маќеа, свекор и свекрва, тест и тешта, дедо и баба), за определување на вкупниот приход по член на семејството се зема сразмерниот дел на катастарскиот приход од тој имот што отпаѓа на членовите на потесното семејство во кое живее детето.

Сразмерниот дел од катастарскиот приход се утврдува така што целокупниот катастарски приход се дели на онолку еднакви делови колку што има сродници кои живеат на тој имот.

Член 31

Како приход од земјоделска дејност се смета катастарскиот приход што служел како основица за утврдување на придонесот од личен доход од земјоделска дејност во претходната година од годината за која се обезбедува правото, при што не се зема предвид приходот од обработени куќни дворови со површина до 500 $м_2$.

Член 32

Ако работникот се стекне со право на користење на додаток на деца во текот на годината, се зема месечниот износ на вкупните приходи според

решението за висината на личниот доход, остварен во првиот полн месец по вработувањето.

На корисниците на додаток на деца од чл. 20 т. 5 од Законот за општествената заштита на децата, како основ за користење на додаток на деца, по нивното враќање од ЈНА, се земаат приходите остварени во годината пред заминувањето во ЈНА доколку корисникот без прекин продолжи да работи.

Член 33

За пензиите, надоместоците и другите примања остварени според посебни законски прописи, се зема месечниот износ на тие примања што припаѓаат во месец декември во претходната година, а ако правото е остварено во текот на годината, се зема месечниот износ на примањата според решението по кое е признато правото.

Член 34

Ако корисникот или член на семејството на корисникот остварува приход од земјоделска дејност, односно приходот од дополнително вршење на стопанска или нестопанска дејност, приходите влегуваат во основица за утврдување на материјалната состојба на семејството. Меѓутоа, доколку поради настанати елементарни непогоди или други причини корисникот во одреден период биде ослободен од плаќање на придонеси и за тоа донесе доказ од надлежниот орган на управата, тогаш овие приходи не влегуваат во основицата за утврдување на материјалната состојба на семејството за тој период.

Член 35

Додаток на деца можат да го остварат децата преку родителот кој е во работен однос или е корисник на пензија во СРМ, иако е другиот родител вработен кај странски работодавец со тоа што во приходите на семејството влегуваат и приходите на родителот вработен кај странски работодавец освен ако со меѓународна спогодба не е поинаку определено.

Под приход на родителот вработен кај странски работодавец од првиот став на овој член, се подразбира годишниот приход по основ на вработување кај странски работодавец.

Член 36

Членови на семејството, на кои приходот се дели се сметаат: децата, (брачни, вонбрачни, посвоени, внучиња, браќа, сестри и други деца земени на издржување), родителите на децата (татко, мајка, очув, маќеа, посвоител, старател), како и дедо и баба на корисникот, доколку живеат во заедничко домаќинство.

Децата земени на издржување ќе се земаат во обзир при поделба на приходите на семејството и ќе можат да остваруваат додаток на деца само под услови определени во член 10, став 4 од овој правилник.

Како деца во смисла на овој член се сметаат децата до навршени 18 години од животот, односно до 26 години, доколку се на редовно школување.

Член 37

За дете на самохран родител се смета:

1. дете кое го издржува еден од родителите, ако другиот умрел, а детето не стекнало право на семејна пензија;

2. дете кое го издржува еден од родителите, а другиот е потполно и трајно неспособен за работа (прва категорија на инвалидност), и не стекнал право на старосна или инвалидска пензија;

3. дете кое го издржува мајката, додека таткото се наоѓа на отслужување на воениот рок во Југословенската народна армија;

4. дете кое го издржува еден од родителите за време додека другиот се наоѓа на издржување казна затвор подолго од 6 месеци;

5. дете кое го издржува еден од родителите за време додека другиот се наоѓа на редовно школување;

6. дете на разведени родители, ако родителот кај кого детето живее не склучил нов брак;

7. дете родено вон брак, ако родителот кај кого детето живее не стапил во брак;

8. дете кое го издржува еден од родителите затоа што другиот ја напуштил земјата или местото на пребивање му е непознато;

9. дете кое по смртта на едниот родител остварило право на пензија, а другиот родител со кого живее не е во работен однос.

За самохран родител се смета мајката, таткото на детето, маќеата, очувот, и посвоител, односно брачниот другар на посвоителот.

Член 38

Ако постои вонбрачна заедница и деца родени во таква заедница, во вкупниот приход на семејството влегуваат приходите на обата родители подеднакво како и во случај кога е во прашање брачната заедница.

Член 39

Како член на поширокото семејство во кое на детето се обезбедува додаток на деца се сметаат и родителите на брачните другари (татко, мајка, тест и тешта, очув и маќеа и посвоители) доколку живеат во заедничко домаќинство со корисникот на додаток на деца, немаат сопствени приходи доволни за издржување, и ако се постари од 65 години живот за маж, односно 55 години живот за жена.

Висината на приходите на членот на поширокото семејство секоја година се утврдува со посебна одлука.

Член 40

Како член на семејството не се смета дете:

1. кое го здружило својот труд со работниците во работните и други организации на здружен труд или заедници и кај приватен работодавец;

2. кое врши самостојна професионална дејност;

3. на кое општествената заедница му обезбедила целосно бесплатно издржување;

4. дете кое се наоѓа на отслужување на редовен воен рок, освен децата кои пред заминувањето на отслужување на воениот рок, во ЈНА по завршување на средното училиште, се запишале како редовни студенти на вишите и високошколски организации.

Член 41

Како член на семејството не се смета и не се зема во поделба на приходот лице (родител или сродник) кое се наоѓа на издржување на казна затвор подолго од 6 месеци.

Член 42

Промените во бројот на членовите на семејството кои настануваат во текот на годината (раѓање или умирање) влијаат на користењето на правото од првиот ден на наредниот месец по настанување на промената.

Член 43

Промените кои настануваат во текот на годината со преминување на децата во повисок степен на образование, влијаат од првиот ден на учебната година.

Член 44

Промените кои ќе настанат во имотната состојба во текот на годината поради вработување на брачниот другар, ќе влијаат на правото на додаток на деца од 1. IV. наредната година.

Член 45

Промената во имотната состојба во текот на годината со престанок на работниот однос на корисникот или неговиот брачен другар влијае од првиот ден на наредниот месец, доколку е тоа поповолно за остварување на правото на додаток на деца.

Член 46

Промените кои ќе настанат во текот на годината во имотната состојба на семејството влијаат на ус-

ловите за остварување на правото на додаток на деца од првиот ден на наредниот месец и тоа во случај на:

1. престанок или почеток на вршење на самостојна стопанска или професионална дејност по бришењето или запишувањето во регистарот;

2. отуѓување (продажба, замена, подарок на недвижен имот или дел од недвижен имот), од моментот на заверка на договорот:

3. неприфаќање на наследство, од денот на смртта на оставителот;

4. откажување од наследство, односно наследен дел од имотот во корист на друг наследник, од денот на давањето на наследничката изјава.

5. експропријација на имот или дел од имот, по преземање на имотот од страна на оној во чија корист е извршена експропријацијата;

6. изградба на земјиште кое е обложено со катастарски приход, од денот на издавањето на градежната дозвола;

7. изградба на семејна станбена зграда без градежна дозвола (дива градба) на земјиште кое е обложено со катастарски приход од денот на изградбата.

## III. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ

Член 47

Додатокот на деца се остварува на барање на родителот или старателот на детето.

Барањето се поднесува до надлежната општинска СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, (во натамошниот текст: Општинска заедница), непосредно или преку работната организација, односно работната заедница во која корисникот има својство на работник во здружениот труд.

Со барањето се поднесуваат докази релевантни за одлучување за додатокот на деца.

Фактите за кои се води службена евиденција, а не се содржани во доказите поднесени со барањето, се утврдуваат по службена должност од страна на органот кој ја води постапката.

Член 48

Додаток на деца може да се оствари најмногу за три месеци наназад од поднесеното барање не сметајќи го месецот во кој барањето е поднесено.

Член 49

Решение за додаток на деца во прв степен донесува секретарот на општинската заедница или лице кое тој ќе го овласти.

Член 50

Општинската заедница е должна да донесе решение и да го достави до странката што побрзо, но најдоцна во рок од 60 дена од денот на уредно доставеното барање.

Доколку барањето не е комплетирано, а корисникот во определениот рок не достави потребни докази за решавање на правото, општинската заедница ќе донесе заклучок.

Член 51

Против првостепеното решение за правото на додаток на деца може да се изјави жалба до Комисијата за жалби на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата.

Член 52

Против второстепеното решение за правото на додаток на деца може да се поведе управен спор.

Член 53

Во постапката за остварување на додаток на деца се применуваат одредбите на Законот за општата управна постапка, Статутот на Републичката заедница, овој правилник и Одлуката за утврдување на височината на цензусот и износот на додаток на деца.

Член 54

Лицето на кое му се исплаќа додаток на деца, должен е на општинската заедница да и ја пријави секоја промена која влијае на користењето на правото на додаток на деца најдоцна во рок од 15 дена, од денот на настанатата промена.

Член 55

Начинот на остварување на додаток на деца за децата без родителска грижа сместени во друго семејство е регулиран со посебно упатство.

Член 56

Изменување и дополнување на овој правилник се врши на начин и постапка како и за нејзино донесување.

Член 57

Стручни упатства за примена на овој правилник донесува секретарот на собранието на Републичката заедница.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 58

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. IV. 1988 година.

Член 59

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Одлуката за утврдување на условите, начинот на остварување и висината на додатокот на деца за 1986 година, бр. 03-77/12 од 13. II. 1986 година („Службен весник на СРМ" бр. 6/86), Одлуката за изменување и дополнување на истата бр. 11-468/8 од 20. VI. 1986 година („Службен весник на СРМ" бр. 30/86) и бр. 02-100/5 од 6. II. 1987 година („Службен весник на СРМ" бр. 3/87).

Број 11-304/4
22 март 1988 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева**, с. р.

## ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КАВАДАРЦИ

**141.**

Врз основа на член 161 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кавадарци, а врз основа на основите на политиката за општа и заедничка потрошувачка во општината Кавадарци за 1988 година, Собранието на СИЗ за здравство, на седницата одржана на 4. III. 1988 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВО И ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1988 ГОДИНА

Член 1

Работните луѓе во ОЗТ и граѓаните кои се занимаваат со самостојна стопанска и нестопанска дејност во 1988 година ќе ги издвојуваат следните придонеси за финансирање на здравството и здравственото осигурување:

1. ОЗТ од областа на стопанството и нестопанството (дејностите од 01 до 14) ќе издвојуваат 9% од бруто личниот доход;

2. граѓаните кои остваруваат личен доход од обавување на самостојна стопанска дејност, а се оданочуваат по остварен доход ќе издвојуваат 9,50% од утврдената даночна основица за 1987 година;

3. граѓаните кои остваруваат личен доход од обавување на самостојни стопански или нестопански дејности, а се оданочуваат во паушален износ ќе ги плаќаат следните придонеси:

— граѓаните кои се занимаваат со самостојни стопански и нестопански дејности, кои со Одлуката на Собранието на општината се прогласени за дефицитарни и на одумирање, ќе плаќаат придонес по стапка од 9,50% на основицата на минимален личен доход остварен во претходната 1987 година;

— останатите паушалисти ќе плаќаат придонес по стапка од 9,50% на основица просечен личен доход остварен во претходната 1987 година.

Член 2

Стапката на придонесот за здравствено осигурување во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести на работниците во 1988 година се утврдува на 0,50% на остварен доход на ОЗТ од областа на стопанството и нестопанството. ОЗТ кои не пресметуваат доход ќе плаќаат 0,5% на бруто личниот доход.

Член 3

Дејноста здравство — Медицинскиот центар, Градската аптека „16 Јуни" и Стручната служба на ОСИЗ за здравствена заштита Кавадарци, се ослободуваат од плаќање на придонеси од доход и личните доходи за 1988 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува од 1. I. 1988 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ"

Член 5

Со примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката која е објавена во „Службен весник на СРМ" бр. 8/87 година.

Бр. 0201-116/12а
4 март 1988 година
Кавадарци

Претседател,
**Диме Чејков,** с. р.

**142.**

Врз основа на член 161 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кавадарци, а во согласност со Соборот на здружениот труд на Собранието на општината Кавадарци, Собранието на општинската СИЗ за здравствена заштита — Кавадарци, на седницата одржана на 4. март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФИКСНИОТ ИЗНОС И СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1988 ГОДИНА

Член 1

Земјоделците-обврзници за плаќање данок од личен доход од вршење на земјоделска дејност, земјоделците глави на семејствата кои со други семејства живеат во едно заедничко домаќинство, а се обврзници за плаќање данок од личен доход од вршење на земјоделска дејност и земјоделците чии брачни другари се вработени во здружениот труд со општествени средства или вршат самостојна дејност за 1988 година ќе плаќаат придонес за здравствено осигурување и тоа:

— 20% од катастарскиот приход на осигуреникот, и

— 20.000 динари по семејство;

— 2.000 динари по член на семејство.

Член 2

Земјоделците-глави на семејствата кои со други семејства живеат во едно земјоделско домаќинство, а не се обврзници за плаќање данок од личен доход од вршење на земјоделска дејност, истиот ќе го плаќаат во фиксен износ од 30.000 динари и 3.000 динари по член на семејство.

Член 3

Земјоделците кои вршат земјоделска дејност со земјиште земено под закуп и лицата кои исклучиво се занимаваат со сточарство или риболов, а не се обврзници за плаќање на данок од личен доход од вршење на земјоделска дејност, придонесот за здравствено осигурување ќе го плаќаат во фиксен износ и во процент од катастарскиот приход од подрачјето на општината со кој се обезбедуваат средства за здравствено осигурување на земјоделците.

Член 4

Со оваа одлука се заменува претходната одлука, објавена во „Службен весник на СРМ" бр. 8/87 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1988 година.

Бр. 0201-116/12-б
4 март 1988 година
Кавадарци

Претседател,
**Диме Чејков,** с. р.

**143.**

Врз основа на член 162 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Кавадарци, Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита — Кавадарци, на седницата одржана на 4 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ ЗА 1988 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствена заштита и за правата од здравствена заштита на лицата кај приватните работодавци за кои со Законот за здравствена заштита не е утврдена основица за придонес.

Член 2

Основицата за пресметување и плаќање на придонесите за здравствена заштита и за правата од здравствена заштита на лицата вработени кај приватните работодавци се утврдуваат според квалификациите во следните минимални износи:

| | |
|---|---|
| — за неквалификувани работници | 113.000 динари; |
| — за полуквалификувани работници | 150.000 динари. |
| — за квалификувани работници (стручно оспособени) | 163.000 динари; |
| — за висококвалификувани работници | 187.000 динари. |

Член 3

За вработените лица кај приватни работодавци основицата се утврдува според школската подготовка и тоа:

| | |
|---|---|
| — со средна стручна подготовка | 163.000 динари; |
| — со виша стручна подготовка | 187.000 динари; |
| — со висока стручна подготовка | 200.000 динари. |

Член 4

За работници кои се вработени кај лица што вршат занаетчиска дејност која со одлука на Собранието на општината Кавадарци е утврдена како дефицитарна и во изумирање се плаќа придонес

за здравствена заштита во висина на 50% од загарантираниот личен доход во стопанството во општина — Кавадарци во 1988 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1988 година.

Бр. 0201-116/12-в
4 март 1988 година
Кавадарци

Претседател,
**Диме Чејков,** с. р.

144.

Врз основа на член 112 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83), член 28 и 29 од Статутот на Општинската заедница — Кавадарци, Собранието на Општинската заедница за здравствена заштита — Кавадарци, на заедничка седница на делегатите на Соборот на корисниците на услуги и Соборот на давателите на услуги, одржана на 4 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО ЌЕ СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТОЈАНИ МЕСЕЧНИ ИЗНОСИ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ КОРИСНИЦИ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Придонесите за здравствено осигурување во постојани месечни износи за одделни категории на здравствена заштита ќе се плаќаат и тоа:

1. за лицата на доброволна и задолжителна практика (волонтери) што не примаат личен доход ако работат со полно работно време, во износ од 3.500 динари за задолжителна здравствена заштита, за останати права од здравствена заштита и во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести;

2. за учениците во стопанството односно учениците на училиштата од средно образование за одделни занимања за кои покрај училишната се изведува и практична настава, во износ од 3.500 динари за задолжителните видови на здравствена заштита, за останати права од здравствено осигурување и за случаи несреќа на работа и заболување од професионални болести;

3. за лицата кои учествуваат на младински работни акции за кои по прописите на инвалидското осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност, во износ од 3.500 динари;

4. за лицата кои учествуваат во организирани работни акции, ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно, во износ од 3.500 динари;

5. за лицата кои се наоѓаат на обука и оспособување за општонародна одбрана и општествена самозаштита, припадниците на територијалната одбрана и на цивилната заштита за време на обука, оспособување и вршење на должност, во износ од 3.500 дин.;

6. за членовите на потесното семејство на југословенските работници на привремена работа во странство кои живеат на подрачјето на Заедницата, а на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравствено осигурување, во износ од 10.800 динари по корисник на здравствена заштита:

7. за пензионерите од странски носители на осигурување додека престојуваат на подрачјето на Заедницата, ако по меѓународен договор не е определено поинаку, во износ од 10.800 динари;

8. за лица што се привремено невработени, а редовно се пријавуваат кај Заедницата за вработување во износ од 3.500 дин., по корисник на здравствена заштита;

9. за лицата привремено невработени додека се пријавуваат на надлежната заедница за вработување, примаат материјално обезбедување под условите утврдени со самоуправен акт на Заедницата за вработување, во износ од 5.000 динари;

10. за лицата на школување, стручно оспособување и усовршување или постдипломски студии во земјата и странство, кои поради тоа го прекинале работниот однос, ако за тоа време примаат стипендија, во износ од 10.800 динари;

11. за лицата кои организацијата пред засновање на работен однос ги упати како свои стипендисти на практична работа во друга организација заради стручно оспособување или усовршување, во износ од 3.500 динари;

12. за лицата кои не се осигурени по ниеден друг основ, а се корисници на задолжителни видови здравствена заштита, Собранието на општината Кавадарци ќе плаќа од буџетот на општината во 1988 година по 3.500 динари месечно по корисник;

13. за лицата кои се неосигурени, а се корисници на материјално парична помош како единствен хранител поради служење во ЈНА, а користи целосна здравствена заштита, давателот на помошта ќе плаќа по 3.500 динари месечно од корисник на здравствена заштита;

14. за лицата корисници на постојана парична помош од Центарот за социјална заштита ќе се плаќа по 10.800 динари месечно за користење на целосна здравствена заштита.

Член 2

Во постојан месечен износ се плаќаат и придонеси за здравствена заштита во случај на повреда на работа и заболување од професионални болести за:

1. учениците во средното насочено образование и студентите на вишото и високото образование за време на практичната работа во врска со наставата, во износ од 1.000 динари;

2. лицата кои учествуваат на младински работни акции кои според прописите за ПИО се осигурени во случај на инвалидност, во износ од 1.000 динари:

3. за лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции, во износ од 1.000 динари;

4. лицата кои се наоѓаат на обука и оспособување за општонародна одбрана и безбедност и општествена самозаштита, припадници на територијалната одбрана и на цивилната заштита за време на обука, оспособување и вршење на должност, во износ од 1.000 динари;

5. за лицата кои работат помалку од половината од полното работно време, во износ од 1.500 динари;

6. за лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување или преквалификација што ги организира или упатува Заедницата за вработување во соодветните организации на здружен труд, во износ од 1.500 динари.

7. за лицата учесници во активности при природни и други тешки несреќи и активности при противпожарната заштита, во износ од 1.500 динари.

8. за лицата кои по барање на надлежни органи за внатрешни работи или овластено службено лице ќе укажат помош на овие органи во вршењето на нивните должности за време на укажување на таквата помош според соодветните прописи, во износ од 1.000 динари;

9. за лицата кои вршат повремени или привремени работи по основ договор, во износ од 1.500 динари.

Член 3

Придонесите за лицата опфатени со оваа одлука, освен за лицата по член 1 точка 8, се пресметуваат и плаќаат однапред.

Доколку придонесите се утврдуваат за време покусо од еден месец, за секој календарски ден во соодветниот период се плаќа 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 021-42/8 од 28. 01. 1987 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1988 година, со тоа што износите во точка 10, 15 ќе се валоризираат во текот на годината зависно од гарантираниот личен доход во Републиката.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0201-116/12-г
4 март 1988 година
Кавадарци

Претседател,
**Диме Чејков**, с. р.

**145.**

Врз основа на член 57 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 16 точка 9 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кавадарци, Општинската СИЗ за здравствена заштита, на заедничката седница на делегатите на Соборот на корисниците и Соборот на давателите на услуги, одржана на 4. март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА ИЗНОСОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП И ПОСМРТНА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА — РАБОТНИЦИ И ЗЕМЈОДЕЛЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината, условите за стекнување право на надоместок на трошоците за закоп и посмртна помош во случај на смрт на корисник на здравствена заштита од подрачјето на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кавадарци.

Член 2

Износот на надоместокот на трошоците за закоп се утврдува и тоа:

1. 30.000 динари, во случај на смрт на корисникот до една година возраст;
2. 45.000 динари, во случај на смрт на корисник од 1—10 годишна возраст;
3. 90.000 динари, во случај на смрт за корисник на возраст над 10 години.

Член 3

Во случај корисникот да умре вон подрачјето на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита, надоместокот од претходниот член се зголемува за 30% без оглед каде е извршен закопот.

Доколку корисникот умре во странство, надоместокот од член 2 се зголемува за 50% без оглед каде е извршен закопот.

Член 4

Надоместокот на погребните трошоци се исплатува на лицата кои ќе го извршат закопот на корисникот, врз основа на изводот од матичната книга на умрените, потврдата за извршениот закоп и здравствената легитимација на корисникот.

Во случај корисникот да умре во странство, покрај доказите од претходниот став, се поднесува и потврда од дипломатското претставништво на СФРЈ во таа земја дека лицето умрело во странство.

Член 5

Барањето за исплата на надоместокот на погребни трошоци стасува со денот на смртта, односно со закопот на корисникот.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. III. 1988 година.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи поранешната Одлука бр. 0201-42/5 од 28. I. 1987 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0201-116/13-а
4 март 1988 година
Кавадарци

Претседател,
**Диме Чејков**, с. р.

**146.**

Врз основа на член 57 став 1 и 2 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 16 точка 9 и 84 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кавадарци, Собранието на Општинската СИЗ, на заедничката седница на делегатите на Соборот на корисниците на услуги и Соборот на даватели на услуги, одржана на 4 март 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА НАДОМЕСТОКОТ НА ПАТНИТЕ ТРОШОЦИ И ДНЕВНИЦИТЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА КОИ СЕ УПАТУВААТ НА ПРЕГЛЕД И ЛЕКУВАЊЕ ВО ДРУГО МЕСТО

Член 1

Со оваа одлука се утврдува начинот на употребата на превозните средства, условите и начинот на остварувањето на надоместокот на патните трошоци и дневниците за време на патувањето со престој во друго место што им припаѓа на корисниците на здравствената заштита на товар на средствата на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Кавадарци, а во случај кога од матичниот лекар или лекарска комисија се упатени да користат здравствена заштита надвор од местото на нивното живеалиште и на начин пропишан со Статутот на Заедницата.

Член 2

Надоместокот на трошоците за превоз им припаѓа на корисниците според тарифата на превозните средства во јавниот патен сообраќај по најкусата релација.

За деца до 7 годишна возраст не се признаваат трошоци за превоз.

Кога превозот е извршен без претходен налог на матичниот лекар, оправданоста за извршениот превоз ја цени лекарската комисија дополнително по барање на корисникот и со поднесување на потребните докази.

Член 3

Надоместокот за превозот се одредува во тарифата на најкусата релација на превозните средства во јавниот сообраќај — железница, автобус или авион.

Кога на иста релација сообраќа и воз и автобус, за надоместок се зема пониската тарифа.

Член 4

Ако корисникот според посебни прописи има право на неограничен број бесплатни патувања во јавниот патен сообраќај не му припаѓа право на надоместок по оваа одлука.

Член 5

На корисник кој користи здравствена заштита спротивно на одредбите од Статутот не му припаѓа надоместок за патни трошоци.

Член 6

Налогот, односно упатот за патување во друго место поради амбулантски, специјалистички и контролни прегледи важи, по правило, само за едно патување. Доколку лекарот специјалист на кој корисникот му е упатен на прв преглед најде дека е

потребно испитување и лекување и кај други специјалисти, тоа посебно ќе го констатира, така да првобитниот упат ќе важи и за останатите прегледи.

Кога корисникот во смисла на претходниот став е упатен односно преземен на амбулантно-специјалистичко лекување или испитување издадениот налог важи за сето време додека трае лекувањето, односно испитувањето.

Здравствената работна организација, односно лекарот на истата, кој на упатениот корисник му пружил здравствена заштита, на налогот за патување треба да потврди колку време корисникот тука се задржал во врска со прегледот (датум и часови) оверен со печат и потпис, што е доказ дека корисникот патувал и се јавил за здравствена заштита. Ако не е констатиран часот на почеток и завршување на времето на задржувањето, се исплатува само половина дневница од износот утврден во член 8.

Член 7

Надоместокот на име исхрана и сместување за време на патувањето и престојот во друго место на корисникот изнесува и тоа:

1. на подрачјето на сопствената општина односно Заедницата — 1.000 динари;
2. вон Заедницата, а на подрачјето на СРМ — 2.000 динари;
3. надвор од подрачјето на СРМ — 3.500 динари.

За корисниците-деца до навршување на 7 годишна возраст надоместокот од претходниот став се намалува за 50%.

Надоместокот им припаѓа во полн износ ако патувањето и престојот во друго место заедно со часовите поминати на пат траело повеќе од 12, а помалку од 24 часа, а во половина износ ако патувањето и престојот траело повеќе од 8, а помалку од 12 часа.

Хотелската сметка се признава одделно до висина на хотел од Б категорија.

Може да се користи кола за спиење. Во тој случај не се признава хотелско сместување.

Член 8

Барањето за исплатување на надоместокот од претходниот член стасува првиот нареден ден по завршеното патување, односно завршеното лекување.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 март 1988 година.

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за надоместокот на патните трошоци на осигурените лица, бр. 0201-42/7 од 28. I. 1987 година.

Бр. 0201-116/13-б
4 март 1988 година
Кавадарци

Претседател,
**Диме Чејков,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред овој суд се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Далип Рамадани од Скопје, ул. „Васил Ѓоргов“ бр. 4, против тужената Лилјана Рамадани, од Скопје, со непознато место на живеење.

За привремен старател на тужената е поставен адвокатот Страхил Пановски од Скопје со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи бр. 1011-5401 од 4. II. 1988 година, кој ќе ја застапува тужената до нејзиното јавување во судот.

Од Општинскиот суд Скопје I— Скопје, XIV. П. бр. 2194/87. (43)

---

Општинскиот суд Скопје I — Скопје објавува дека се води спор за утврдување право на трајно користење помеѓу тужителот Блажевска Тренда од Скопје, ул. „Знеполе“ бр. 12 — Ѓорче Петров и тужениот Ангеловски Илија од Албанија. Вредност на спорот 51.000 динари.

За привремен застапник на тужениот Ангеловски Илија вој живее во Албанија, со непозната адреса е назначен адв. Владимир Стефановски кој ќе го застапува се додека истиот или негов полномошник не се појават пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, XVI П. бр. 340/87. (45)

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Магда Ангелова од Скопје, против тужениот Мох'д Сулејман Мафлех Ел Зоуби од Јордан, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Мох'д Сулејман Мафлех Ел Зоуби од Јордан во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во овој суд или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење.

Доколку тужениот не се јави во рок од 30 дена на истиот ќе му биде одреден привремен старател, кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, П. бр. 3714/87. (46)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

Пред овој суд се водат оставински постапки за расправање на оставините на оставителите Димко Наумов Стојаноски, порано од с. Лениште, роден во 1889 година, а умрел на 14. V. 1960 година, земјоделец, државјанин на СФРЈ, и Стојна Пејова Димитриоска, порано од с. Кокре, родена во 1939 год. во с. Кокре, а умрела во 1967 година домаќинка, државјанка на СФРЈ.

Се повикуваат наследниците од втор и трет наследен ред кои полагаат право на наследство на оставините на оставителите, Димко Стојаноски и Димитриоска Стојна, да се јават во овој суд или во друг суд на територијата на СФРЈ во рок од 1 година од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“, согласно член 162 од ЗВП.

Ако по истекот на овој рок не се јави ниту еден наследник кој полага право на наследство, целокупната нивна оставина ќе и се предаде на општината Прилеп, но со тоа што наследниците кои ќе се јават подоцна не се лишуваат од правото да им се предаде оставнината или делот што им припаѓа, согласно чл. 176 од ЗВП.

Од Општинскиот суд во Прилеп, О. бр. 276/87 и О. бр. 352/87. (42)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за надомест на штета по тужбата на Хавзи Вејсели од с. Д. Лешница, против Зибери Емри од с. Радиовце и ЗОИЛ „Македонија“ Филијала — Тетово.

Се повикува тужениот Зибери Емри од с. Радиовце, сега со непозната адреса во СР Германија во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во Општинскиот суд во Тетово или во истиот рок да одреди свој полномошник. Во спротивно, преку Центарот за социјални работи во Тетово ќе му биде поставен привремен застапник, кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 287/88. (41)

брише досегашниот застапник Неби Вели, в. д. директор, а се запишува новиот застапник Гариќ Ратомир, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1486/87. (35)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1283/87 од 26. I. 1988 година, на регистарска влошка бр. 2-1-3-0-0, го запиша во судскиот регистар конституирањето на ООЗТ под фирма: Земјоделска задруга „Брестовица“, О. Суб. О., ОЗО и ООЗТ Брест — Скопје, Основна организација на здружен труд за трговија на големо „Београд“ — Београд, ул. „Велизар Косановиќ“ бр. 2.

Одлуката за организирање на ООЗТ е донесена на 24. VII. 1987 година под бр. 330.

Основни дејности:

070211 — жита и мелнички производи;

070212 — зеленчук, овошје, јужно овошје и преработки;

070219 — разни животни продукти и производи за домашни потреби;

070221 — текстил и конфекција;

070222 — сурова кожа, волна и слично;

070223 — метални и електротехнички стоки (производи од црна и обоена металургија, метални и електротехнички стоки, половна градежна механизација и машини);

070224 — градежен, санитарен и инсталационен материјал;

070226 — хартија, канцелариски материјал и прибор;

070229 — тутун и други непрехранбени производи (мешани стоки);

070250 — трговија на големо со мешани стоки.

Споредни дејности:

070111 — леб, печиво, млеко и млечни производи;

070112 — зеленчук, овошје, јужно овошје и преработки;

070113 — месо, живина, риба и месни преработки;

070114 — разни животни продукти, алкохолни и безалкохолни пијалаци и производи за домашни потреби;

070123 — метални и електротехнички стоки;

070124 — огрев и градежен материјал;

070129 — тутун и останати непрехранбени производи.

Оваа основна организација на здружен труд ги има сите овластувања во правниот промет со трети лица, освен онис што се пренесени врз земјоделската задруга; истапува во свое име и за своја сметка.

За своите обврски од правниот промет со трети лица, основната организација одговара со сите средства со кои располага.

За обврските на оваа основна организација не одговараат другите основни организации.

Оваа основна организација на здружен труд одговара за обврските на земјоделската задруга ограничено супсидијарно до износ од 500.000.- динари.

Оваа основна организација на здружен труд не одговара за обврските на другите основни организации во состав на задругата.

Лице овластено за застапување е Томислав Бојовиќ, вршител на должноста директор, со неограничени овластувања.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1283/87. (36)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1283/87 од 26. I. 1988 година, на регистарска влошка бр. 2-1-1-0-0, го запиша во судскиот регистар организирањето и конституирањето на ОЗО под фирма: Земјоделска задруга „Брестовица“, О. Суб. О., на ОЗО и ООЗТ Брест, Скопје, Основна задружна организација на земјоделци „Брест“, Брест — Скопје.

Одлуката за организирање на ОЗО е донесена на 24. VII. 1987 година бр. 229.

Основни дејности:

— полјоделство, градинарство, овоштарство, со производство на овошни садници, лозарство со производство на лозови садници, сточарство, живинарство, пчеларство и други гранки на земјоделско производство, со одгледување на хортикултура и давање на земјоделски услуги во растително и сточарско земјоделско производство.

Споредни дејности:

— 070111 — леб, печиво, млеко и млечни производи;

— 070112 — зеленчук, овошје и преработки;

— 070113 — месо, живина, риба и преработки;

— 070114 — разни животни намирници, алкохол и производи за домашни потреби;

— 070122 — обувки, кожа, гума и пластика;

— 070124 — огрев и градежен материјал;

— 070132 — останата трговија со мешани стоки;

— откуп, купување и продавање на сите видови земјоделски и сточарски производи;

— кооперација со индивидуални земјоделски производители за сите земјоделски дејности на задругата;

— снабдување со репродукционен и друг материјал;

— штедно-кредитни работи за потребите за здружените индивидуални земјоделски производи.

Оваа основна задружна организација ги има сите овластувања во правниот промет со трети лица, освен онис што се пренесени врз земјоделската задруга.

За своите обврски од правниот промет со трети лица, основната задружна организација одговара со сите свои средства со кои располага; задругарите емчат за нејзините обврски до износ од 10.000 динари.

За обврските на оваа основна задружна организација не одговараат другите основни организации.

Оваа основна организација на здружен труд одговара за обврските на земјоделската задруга супсидијарно до износ од 500.000 динари.

Оваа основна организација на здружен труд не одговара за обврските на другите основни организации во состав на задругата.

Лице овластено за застапување е Насер Небијевски, вршител на должност директор, со неограничено овластување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1283/87. (37)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1283/87 од 26. I. 1988 година, на регистарска влошка бр. 2-1-0-0-0, го запиша во судскиот регистар организирањето и конституирањето на Земјоделската задруга со ОЗО и ООЗТ под фирма: Земјоделска задруга „Брестовица“, со О. Суб. О. на ОЗО и ООЗТ Брест, Скопје.

Задругата е организирана со самоуправна спогодба за здружување во задруга на ден 23. IX. 1987 година.

Основни дејности: — полјоделство, градинарство; овоштарство со производство и на овошни садници; лозарство со производство и на лозови садници; сточарство, живинарство, пчеларство и други гранки на земјоделско производство;

— земјоделски услуги со растително производство;

— земјоделски услуги за сточарство;

070211 — жита и мелнички производи;

070212 — зеленчук, овошје, јужно овошје и преработки;

070219 — разни животни продукти и производи за домашни потреби;

070221 — текстил и конфекција;

070222 — сурова кожа, волна и сл.

070223 — метални и електротехнички стоки;

070224 — градежен, санитарен и инсталационен материјал;

070226 — хартија, канцелариски материјал и прибор;

070229 — тутун и други непрехранбени производи;

070250 — трговија на големо со мешани стоки.

Задругата во правниот промет со трети лица истапува во свое име а за сметка на здружените ОЗО и ООЗТ.

Основната задружна организација и основната оррганизација на здружен труд во состав на Задругата одговараат за обврските на Задругата ограничено супсидијарно до износ од 500.000 динари на секоја обврска.

Лице овластено за застапување е Гариќ Ратомир, в.д. директор, со неограничени овластувања.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1283/87. (38)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1610/87 од 25. XII. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-1461-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Школско-скијачки рекреативен центар „Попова Шапка", Ц. О., — Тетово, ул. „ЈНА" бр. 74, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Павловски Славе, в.д. директор, без ограничување, а се запишува новиот застапник Марковиќ Радојко, в.д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1610/87. (40)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1347/87 од 26. I. 1988 година на регистарска влошка бр. 2-2186-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето под фирма: Производно-услужна задруга „Вардарски мотиви", Ц. О., — Титов Велес, ул. „Трајче Панов" бр. 26.

Задругата е основана со Самоуправната спогодба за здружување во занаетчиската задруга на ден 15. IX. 1987 година.

Основачи на задругата се: Митков Димитар Ѓорѓија — Т. Велес; Поповски Панта Јован — Т. Велес; Ангелов Киро Слободан — Т. Велес; Мијаков Стеван Томислав — Т. Велес; Павлов Јован Љубомир — Т. Велес; Крстевски Андон Наце — Т. Велес; Дамјановски Никола — Скопје; и Трајчевски Методи — Скопје.

Основни дејности: 1. преработка на неметали (грнчарска, изработка на предмети од глина, каолин и други материи); 2. јавен превоз на патници и стока; 3. производство на прехранбени производи (пекарска за производство на леб, пекарска за производство на бели печива и бурек, леблебиџиска, млекарска за изработка на млеко во млечни производи); 4. градежно-занаетчиство (ѕидарска и фасадерска, тесарска, паркетарска, молеро-фарбарска, инсталатерска за водовод и канализација, изолатерска за централно греење и уреди за климатизација); 5. вршење на интелектуално-консултативни услуги; 6. промет на стоки на мало со: а) прехранбени производи (житарици и мелнички производи, зеленчук овошје и нивни преработки, месо, живина и нивни преработки, риба и преработка од риба, алкохолни и безалкохолни пијалаци, животни и прехранбени продукти и предмети за куќни потреби); б) непрехранбени производи (текстилни производи, конфекција и производи од крзно, волнени и јутени производи, чевли и прибор, производи од гума, каучук и пластични маси, метални и железни производи, валани и влечени производи од црна и обоена металургија, електро-технички и електронски апарати, радио и ТВ апарати, машини, делови и др., градежни, инсталациони, санитарни, и огревни материјали, керамика, стакло, порцелан и производи од пластика за домаќинствата и други потреби, хартија, училишен и канцелариски материјал, опрема и прибор, галантерија, бижутерија, базарска стока и играчки, земјоделска опрема и алати, вештачки ѓубрива, семиња и садници, сточна и друга животинска храна, производи од домашно ракотворење и уметнички занаети, цвеќе, украсни риби, птици и други домашни и егзотични животни, погребна опрема, моторни возила, делови и прибор, секундарни суровини).

Споредни дејности: металопреработувачка дејност (ковачка, котларска, казанџиска, браварска, лимарска), изработка на производи од лим и вршење на лимарски услуги, метално стругарска и метално појасарска (изработка на метална галантерија), машино-браварска алатничарска, автомеханичарска (поправка и одржување на моторни возила), механичарска, прецизно механичарска за канцелариски машини, (пишувачки, сметачки и слично), леарска: производство и поправка на електрични апарати (електроинсталатерска, инсталатери на електрични водови, лифтови, светлечки реклами и сл. електромеханичарска за разни уреди, климатизација и сл. електромеханичарска за винклирање на мотори, поправка и одржување на електрични машини и др., електромеханичарска за радио и ТВ апарати, транзистори, магнетофони, аудио-видео апарати и сл.). Производство и обработка на градежни материјали (изработка на шупли елементи од цемент); изработка од дрво (изработка и местење на ламперија, дрвостругарска за изработка на дрвна галантерија, столарска, длабокорезачка, дрворезачка, копаничарска, изработка на дрвена амбалажа); производство на текстилни производи (ткајачка, плетарска, трикотажерска, јорганџиска, изработка и поправка на јоргани, кројачка на облека по порачка и конфекција, кројачка на постелнини, пресвлаки и др., изработка на навлаки за автомобили); преработка на кожа, скај и синтетички материјал (чевларска, папучарска, изработка на куфери, чанти и друга кожна галантерија); производство и поправка на разновидни производи (свеќарска, изработка на производи од пластични материјали), занаетчиски лични и други услуги (фирмопишувачка, за изработка на натписи, реклами и сл.); домашни ракотворби (изработка на предмети од глина, изработка на украсни предмети од керамика, камен и други минерали, леење на фигури од гипс, плетење на предмети од трска, рогозина, разни прачки и др.; изработка на предмети од дрво, корита, лажици, сукала, закачалки, детски лулки и друго; изработка на гоблени, завеси и абажури; изработка на сувенири од дрво, метал, стакло, глина, текстил и друго; ткаење на разни текстилни предмети, како килими, јамболии и др. плетење на предмети од волна, памук, текстил и др.; изработка на разни предмети од текстил, везење, изработка на таписерии, други ткаења; изработка на народни носии, печатење на текстил, нанесување на налепници на текстил); водење на деловни книги; откуп на земјоделски и сточарски производи, како и шумски плодови, печурки, лековити растенија и друго.

Во правниот промет со трети лица задругата истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица задругата одговара со сите свои средства. За обврските на задругата здружените задругари одговараат супсидијарно во висина од 70.000 динари за секоја обврска.

Лице овластено за застапување е Трајчевски Методи, в.д. директор, со неограничено овластување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1347/87. (39)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Срег. бр. 92 од 5. II. 1988 година, на регистарска влошка бр. 1-556-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на својството на лицето овластено за застапување на Здравствениот дом „Кратово", Ц. О., Кратово, ул. „Гоце Делчев" бр. 9, со следните податоци: Досегашниот в.д. директор, д-р Николче Георгиев, специјалист интернист се запишува како директор, со неограничени овластувања.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 92/88. (42)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 54 од 22. I. 1988 година, на регистарска влошка бр. 1-975-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Заводот за унапредување на предучилишното и основно образование и воспитување за општините Кавадарци, Неготино и Гевгелија, Ц. О., Кавадарци ул. „7 септември" бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Пемов Александар, директор, а се запишува новиот застапник Ќосев Ѓорѓи, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 54/88. (43)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 67 од 3. II. 1988 година, на регистарска влошка бр. 1-488-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Централното основно училиште „Кочо Рацин", Ц. О., с. Петровец, Скопје, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Цветановски Славе, в. д. директор, а се запишува новиот застапник Павле Грозданов, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 67/87. (44)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 114 од 10. II. 1988 година, на регистарска влошка бр. 1-1208-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Заводот за геодетски и фотограметриски работи Скопје, со Ц. О, ул. „Трифун Хаџи Јанев" бр. 4, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Цветановска Ружа, дипл. економиста в. д. директор, а се запишува новиот застапник Шијаковски Петар, дипл. геод. инж. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 114/88. (45)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 77 од 2. II. 1988 година, на регистарска влошка бр. 1-1631-7-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Работната организација за основно воспитание и образование „Илинден", О. сол. О. со ООЗТ — Скопје, ООЗТ Централно основно училиште „Браќа Рамиз Хамид" — Скопје, ул. „Нов живот" бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Костадиновски Павле, директор, а се запишува новиот застапник Димовска Стевка, в. д. директор, со ограничување до 50 000 динари.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 77/88. (46)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Срег. бр. 136 од 10. II. 1988 година, на регистарска влошка бр. 1-566-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Центарот за организирање приредби „Универзална сала", со Ц. О., Скопје ул. „Партизански одреди" бб., со следните податоци: Се запишува бришењето на досегашниот застапник Бошко Бошков, директор, а се запишува новиот застапник Бојка Поповска, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 136/88. (47)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 117 од 11. II. 1988 година, на регистарска влошка бр. 1-288-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Основното училиште „Невена Георгиева — Дуња" ул. „Михаил Чаков" бр. 2, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Стојковски Петар, директор, а се запишува Нонкоска Даница, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 117/88. (48)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 72 од 5. II. 1988 година, на регистарска влошка бр. 1-765-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на својството на лицето овластено за застапување на Основното училиште „Зуфер Мусиќ" — Тетово, ул. „113" бр. 7, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Шаќири Џавит, в. д. директор, а се запишува истиот за директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр. 72/88. (49)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 484 од 9. XII. 1987 година, на регистарска влошка бр. 167 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО Центар за социјална работа — Охрид, со ц. о., со следните податоци: Лице овластено за застапување е Ангелина Азеска, директор, со неограничени овластувања.

Му престанува овластувањето на Жига Расим.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 484/87. (50)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 485 од 11. XII. 1987 година, на регистарска влошка бр. 557, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО Медицински центар — Охрид, со ц. о., со следните податоци: Лице овластено за застапување е д-р Кирил Целоски, претседател на Привремениот одбор.

Му престанува овластувањето на д-р Стојче Дејаноски, в. д. директор.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 485/87. (51)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 489 од 17. XII. 1987 година, на регистарска влошка бр. 411 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО Завод за унапредување на претшколското и основното образование и воспитување — Прилеп, со следните податоци: Лице овластено за застапување е Станчески Методија, директор, со неограничени овластувања.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 489/87. (52)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 471 од 3. XII. 1987 година, на регистарска влошка бр. 99, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на Општинската самоуправна интересна заедница за култура и физичка култура — Ресен, со ц. о., со следните податоци:

I. Основање и конституирање на Општинската самоуправна интересна заедница за култура и физичка култура — Ресен, со ц. о.

II. Истовремено се запишува бришењето од судскиот регистар на Општинската самоуправна заедница за култура — Ресен, рег. вл. 30 и Општинската самоуправна интересна заедница за физичка култура Ресен — рег. вл. 29.

Основна дејност: култура и физичка култура.

Во правниот промет со трети лица има целосни овластувања и целосна одговорност.

Лице овластено за застапување е Нечовска Лазаринка, секретар.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 471/87. (53)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 498 од 17. XII. 1987 година, на регистарска влошка бр. 28, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на ОСИЗ за здравство и здравствена заштита — Струга со следните податоци: Лице овластено за застапување е Кавај Здравка, секретар.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 498/87. (54)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 479 од 17. XII. 1987 година, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на СИЗ, со следните податоци: Лице овластено за застапување е Кавај Здравка, секретар, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 479/87. (55)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 431 од 30. XII. 1987 година, на регистарска влошка бр. 165 го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста на РО Ветеринарна станица — Струга, со ц. о., со следните податоци: проширување на дејноста на РО, уште со споредната дејност:

070114 — разни животни продукти, алкохолни пијалаци и производи за домашни потреби (добиточна храна)

070113 — трговија на мало со живина (матични и приплодни грла во формирање на основни стада и јата)

070140 — сточарство — одгледување на живина (кокошки, морки, шатки, гуски и мисирки за месо и јајца) за месо и јајца, производство на јајца и пердуви.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 431/87. (56)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 23 од 27. I. 1988 година, на регистарска влошка бр 283, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО Педагошка академија — Битола, со следните податоци: Лице овластено за застапување е Сукаровски Ристо, директор, со неограничени овластувања.

Му престанува овластувањето на Димитар Стефановски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 23/88. (57)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 18 од 18. I. 1988 година, на регистарска влошка бр. 328, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на ЦОУ Централно основно училиште „Лирија" с. Житоше, со следните податоци: Лице овластено за застапување е Антан Имероски, директор, со неограничени овластувања.

Му престанува овластувањето на Талески Јосиф.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 18/88. (58)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 15 од 15. I. 1988 година, на регистарска влошка бр. 583, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО Сложена организација на здружен труд „ Југотутун" — Скопје — Институт за тутун — Прилеп, со ц. о., со следните податоци: Лице овластено за застапување е м-р Томе Грабулоски, в. д. директор, без ограничување.

Му престанува овластувањето на Трајче Лазароски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 15/88. (59)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1544 од 15 XII. 1987 година, на регистарска влошка бр. 2-2158-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Пчеларската задруга „Маја" — Кавадарци, ул. „Пионерска" бр. 19, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Владимир Ридовски, в. д. директор, без ограничување, а се запишува новиот застапник Којчева Каја, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1544/87. (458)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 153 од 16. II. 1988 година, на регистарска влошка бр. 3-1521-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Општинската самоуправна интересна заедница за пасишта и утрини — Гостивар, ул. „Беличица" бр. 123, со целосна одговорност, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Ристоски Крсте, секретар, а се запишува новиот застапник Кастратоски Томислав, в. д. секретар, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 153/88. (64)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 26 од 12. II. 1988 година, на регистарска влошка бр. 1-2194-0-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето под фирма: Основно училиште „1 Мај", Ц. О., село Черкези — Куманово.

Училиштето е основано со одлука бр. 03-486 од 1. IX. 1987 година на СО — Куманово.

Основна дејност:

120111 — основно воспитание и образование.

Во правниот промет со трети лица иступува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување е Дервиши Фериз, в. д. директор, со неограничени овластувања.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 26/88. (65)

---

## СОДРЖИНА


160. Закон за насочување на дел од приходите од данокот на промет за потребите на стопанството — — — — — — — 209
161. Закон за изменување и дополнување на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги — — — — — 209
162. Закон за дополнување на Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката — — — — — — — 210
163. Закон за изменување и дополнување на Законот за забрана на располагањето со дел од општествените средства за финансирање на изградбата на нови термоцентрали, топлани, енергани и котларници на течни горива до 1990 година — — — 210
164. Закон за изменување и дополнување на Законот за материјалното обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна — — — — — — — — — 211
165. Одлука за усвојување на Програмата за работа на Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето за 1988 година — — — — — — — — — 212
166. Одлука за потврдување на Завршната сметка на Народната банка на Македонија за 1987 година — — — — — — — 212
167. Одлука за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Македонија за 1988 година — — — — — — — 212
168. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за утврдување на фиксниот износ и стапката на придонесот за старосно осигурување на земјоделците за 1988 година — — — — — — — — 212
169. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за утврдување на Финансискиот план на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците за 1988 година — 213
170. Одлука за усвојување на Самоуправната спогодба за формирање на цените на услугите за сместување и исхрана на студентите во објектите на Студентскиот центар „Скопје" — Скопје, за периодот јануари-јуни 1988 година — — — — — 213

**СЕ НАОЃА ВО ПЕЧАТ НОВА ЗБИРКА**

**ЗАКОН**

**ЗА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД**

**(Пречистен текст)**

**— Второ издание —**

**Ова ново издание на збирката го содржи пречистениот текст на Законот за здружениот труд, предговор, предметен регистар и преглед на укинати и заменети членови т.е. ставови од Законот за дополнение на Законот за здружениот труд, а посебно се назначени со црни букви новите изменувања и дополнувања на Законот за здружениот труд, со што ќе се олесни користењето на истата.**

**Цена на збирката е 6.500 динари.**

**Порачки прима Службата за претплата на Службен весник на СРМ — 91000 Скопје, а уплати се вршат на жиро сметка 40100-603-12498. Порачка може да се направи и на повеќе примероци.**

171. Одлука за делегирање член на Републичкиот одбор за одбележување на 300-годишнината од Карпошовото востание — — 213
172. Одлука за именување на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на РО Завод за водостопанство на СРМ — — — — — 213
173. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за утврдување предлог за именување директор на ООЗТ клиника за очни болести при Медицинскиот факултет — Скопје — — — — — — — 213
174. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување на работоводен орган на Стопанска банка — Основна банка — Куманово — — — — — — 214
175. Одлука за именување претставници на општествената заедница во Советот на РО Завод за водостопанство на СРМ — — 214
176. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за изготвување предлог за именување директор на Педагошката академија „Гоце Делчев" — Штип — — — 214
177. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување директор на Заводот за рехабилитација на деца и младинци — Скопје — — — — — — — 214
178. Одлука за делегирање член на Одборот за одбележување на 50-годишнината од излегувањето на книгата „Бели Мугри" од Кочо Рацин — — — — — — — 214
179. Одлука за давање согласност на Одлуката на Собирот на работниците на РО „Македонија концерт" — Скопје, за именување работоводен орган на организацијата — 215
180. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за утврдување предлог за именување декан на Шумарскиот факултет — Скопје — — — — — — — 215
181. Програма за утврдување на потребите за купување на станови за службени потреби за републичките органи и организации и општествено-политичките организации на Републиката за 1988 година — — — — 215
182. Одлука за образување Совет за заштита од пожари — — — — — — — — — 215
183. Одлука за користење на средствата на Републичкиот буџет за 1988 година — — 216
184. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на пресметување, уплатување и отстапување на данокот од доход на организациите на здружениот труд — — — — — — — 216
185. Упатство за начинот на остварување на правото за користење на средствата наменети за поттикнување на развојот на сточарството, рибарството и пчеларството и за премии на некои земјоделски производи во 1988 година — — — — — — 217
Исправка на Законот за изменување и дополнување на Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди — — — — 219
Исправка на Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците — 219

**Општествени договори и самоуправни спогодби**

133. Самоуправна спогодба за поделба на работата во здравствените организации во СР Македонија — — — — — — — — 219

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

134. Одлука за ослободување од обврска за здружување на средства во Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за остварување на додаток на деца и основно образование за 1988 година на Рудници и индустрија „Фени" — Кавадарци — 224
135. Одлука за утврдување на најнискиот износ на основицата за пресметување и плаќање на придонес за додаток на деца на лица вработени кај приватни работодавци за 1988 година — — — — — — — 225
136. Одлука за определување на висината на посебниот додаток — — — — — — 225
137. Одлука за утврдување на висината на цензусот и износот на додаток на деца во 1988 година — — — — — — — 225
138. Одлука за ослободување од обврската за плаќање републички придонес за основно образование за 1987 година — — — — 226
139. Одлука за ослободување од обврската за плаќање републички придонес за општествена заштита на децата — додаток на деца за 1987 година — — — — — 226
140. Правилник за утврдување на условите и начинот на остварувањето на додатокот на деца — — — — — — — — 226

КАВАДАРЦИ

141. Одлука за стапката на придонесот за здравство и здравствено осигурување на работниците за 1988 година — — — — 230
142. Одлука за утврдување на фиксниот износ и стапката на придонесот за здравствено осигурување на земјоделците за 1988 година — — — — — — — — — — 231
143. Одлука за утврдување на основица за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување на лица вработени кај приватни работодавци за 1988 година — — — — — — — — — — 231
144. Одлука за придонесите за здравствено осигурување што ќе се плаќаат во постојани месечни износи за одделни категории корисници на здравствена заштита — — 232
145. Одлука за висината на износот на трошоците за закоп и посмртна помош на осигурените лица — работници и земјоделци 233
146. Одлука за надоместокот на патните трошоци и дневниците на корисниците на здравствената заштита кои се упатуваат на преглед и лекување во друго место — 233

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје.**